СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 14 Год. LXII Петок, 3 февруари 2006 Цена на овој број е 350 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
191.	**Закон** за воздухопловство.....	1
192.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата	55
193.	**Решение** за овластување.....	55
194.	**Решение** за овластување.....	56

		Стр.
	ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија	
35.	**Одлука** за измена и дополна на Одлуката за ослободување од плаќање на неплатена затезна камата бр. 02-4995/10 од 13.06.2005 година.....	56
	Огласен дел.....	1-72

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

191.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Се прогласува Законот за воздухопловство, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јануари 2006 година.

Бр. 07-452/1
27 јануари 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

З А К О Н
ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО

ПРВ ДЕЛ

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат условите и начинот на вршење на дејностите од областа на воздухопловството во Република Македонија.

(2) Одредбите од овој закон се применуваат на сите воздухоплови, со тоа што на домашните државни и странските државни воздухоплови се применуваат само ако е тоа изречно предвидено со овој закон, а на странските цивилни воздухоплови, кога го користат македонскиот воздушен простор во согласност со меѓународните договори кои ја обврзуваат Република Македонија.

(3) Надвор од територијата на Република Македонија одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон се применуваат на воздухопловите регистрирани во Република Македонија доколку се во согласност со законодавството на државата на чија територија се наоѓа воздухопловот.

(4) Одредбите од овој закон се применуваат и на воените аеродроми и на воениот дел од воено-цивилните аеродроми (мешовити аеродроми), ако тоа е предвидено со овој закон.

Член 2

(1) Република Македонија има целосен и неограничен суверенитет на воздушниот простор над својата територија и обезбедува и организира услуги во воздушниот сообраќај во тој простор.

(2) Воздушниот простор на Република Македонија (во натамошниот текст: македонски воздушен простор) е неповредлив.

Член 3

(1) Подзаконските прописи предвидени со овој закон се изготвуваат во согласност со меѓународните воздухопловни стандарди, препорачаните практики и легислатива на ЕУ, ИЦАО, ЕЦАЦ, ЈАА/ЕАСА и ЕУРОЦОНТРОЛ.

(2) Меѓународните стандарди, регулативи, упатства и препорачани практики на кои подзаконските прописи вршат само упатување, директно се сметаат за прифатени и се применуваат.

Член 4

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Аеродром" е определена копнена или водна површина со површини за маневрирање и површини за полетување и слетување, платформи, објекти, уреди и опрема наменети за безбедно движење, слетување, полетување и престој на воздухоплови;

2. "Аеродром на дестинација" е аеродром на кој воздухопловот го завршува летот според утврдениот план на летот;

3. "Аеродромски услуги" се услуги што се даваат на воздухопловното пристаниште значајни за безбедно одвивање на воздушниот сообраќај и опфаќаат:

а) прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта,

б) противпожарна заштита,

в) медицински услуги за членови на екипаж и патници,

г) опслужување на воздухоплови со гориво и масло и

д) обезбедување од дејствија на незаконско постапување;

4. "Акробатско летање" е намерно менување на положбата на воздухоплов во лет со нагли промени на правецот, висината и брзината на летањето, при што воздухопловот зазема разни положби во однос на земјата;

5. "Безбедносно ограничена зона (Air Side)" е област за движење на аеродромот, ограничен терен, објекти или делови од истите до кои пристапот е контролиран;

6. "Безбедносна програма" е збир на мерки и активности коишто се применуваат на национално ниво и на ниво на аеродром, дадени во писмена форма, што се усвоени од надлежниот орган со цел заштита на цивилниот воздушен сообраќај од акти на незаконско постапување;

7. "Важечки стандард" е документ подготвен со консензус и усвоен од страна на признато тело, со кој заради заедничка и повторлива употреба се обезбедуваат правила, упатства и карактеристики за определени активности или резултати од тие активности, чија цел е постигнување најповолен степен на уредност во определено подрачје. Во случај на непостоење на домашен важечки стандард ќе се примени меѓународен;

8. "Водач на воздухоплов" е лице кое раководи со воздухопловот и е одговорен за безбедно одвивање на летот;

9. "Воздухопловно информативен регион (Flight Information Region- FIR)" е воздушен простор со определени димензии во чии рамки е обезбедена услуга на информирање во лет и услуга на тревожење;

10. "Воздушен сообраќај" е летање на воздухоплови или движење на воздухоплови по површините за маневрирање и платформите на аеродромите;

11. "Воздушен пат" е контролирана област или дел од воздушниот простор воспоставен во форма на коридор;

12. "Воздушен превоз" е дел од воздушниот сообраќај којшто се врши заради превоз на лица, предмети и пошта;

13. "Воздушен превоз за сопствени потреби" е некомерцијален превоз во домашниот, односно меѓународниот воздушен сообраќај којшто се врши со воздухоплов наменет за превоз на лица и предмети за сопствени потреби (личен превоз, превоз на деловни партнери, нивниот багаж и слично);

14. "Воздухопловна манифестација (Air Show)" е активност организирана заради изложба на воздухопловна техника (Stating display), изведба на летачка - падобранска програма (Flying display) или и двете истовремено, а која што е наменета за публика односно јавност;

15. "Воздухопловно-спортски дејности" се активности коишто опфаќаат летање со воздухоплови, скокање со падобрани, моделарство за рекреативни цели и спортски натпревари, односно постигнување на спортски резултати;

16. "Воздухопловно пристаниште" е аеродром или дел од аеродром оспособен и отворен првенствено за јавен воздушен превоз;

17. "Воздухоплов" е секоја направа што може да се одржува во атмосферата поради реакција на воздухот, освен реакцијата на воздухот што се одбива од површината на земјата;

18. "Воздухоплови кои не се според ИЦАО стандардите" се ултралесните летала (микролесните), моторизираните крила и крилата за слободно летање (змејови, параглајдери и други);

19. "Воздухопловна информација" е онаа информација која произлегува од групирање, анализирање и креирање на воздухопловни податоци;

20. "Воздухопловен информативен циркулар (Aeronautical Information Circular- AIC)" е известување што содржи информации кои не се издаваат со НОТАМ или што не влегуваат во АИП, а се од административна природа и се однесуваат на воздухопловна навигација, техничко-административни работи, на одредби од прописите или на безбедноста на летањето;

21. "Време во кое воздухопловното пристаниште е отворено" е времето од почетокот до завршетокот на работата на правното лице што дава аеродромски услуги;

22. "Граничен коридор" е дел од воздушниот пат по правило над државната граница, определен за влегување на воздухоплови во македонскиот воздушен простор и за излегување од тој простор;

23. "Дозвола" е исправа со која се потврдува дека лицето кое спаѓа во персонал во воздухопловството е оспособено за вршење на определени стручни работи;

24. "Државни воздухоплови", во смисла на овој закон, се воените, полициските и царинските воздухоплови;

25. "Екипажот на воздухопловот" го сочинуваат летачкиот персонал и кабинскиот персонал на воздухопловот;

26. "ЕЦАЦ (European Civil Aviation Conference)" - Европска конференција за цивилно воздухопловство;

27. "ЕУРОЦОНТРОЛ"- Европска организација за безбедност на воздушната пловидба;

28. "Забранета зона" е дел од македонскиот воздушен простор со утврдени димензии над одредена територија во која е забранет воздушен сообраќај;

29. "Зборник на воздухопловни информации на Република Македонија (Aeronautical Information Publication-AIP)" е публикација издадена од Агенцијата (во натамошниот текст: Зборник на воздухопловни информации);

30. "Зона на аеродром" е воздушен простор што е определен со систем од имагинарни површини со кои се овозможува безбедноста на воздушниот сообраќај на аеродромот или леталиштето;

31. "ИЦАО (International Civil Aviation Organization)" - Меѓународна организација за цивилно воздухопловство;

32. "Информирање во лет (Flight Information Service- FIS)" е услуга која има за цел давање на совети и информации корисни за безбедно и ефикасно одвивање на летот;

33. "Известување од контролата на летањето" е давање на информации на капетанот - командирот на воздухопловот, корисни за безбедно и ефикасно извршување на летот;

34. "Инструкција од контролата на летање" е упатство на капетанот - командирот на воздухопловот да го изврши летот на одреден начин;

35. "Инцидент" е настан, кој не е несреќа поврзан со работата на воздухопловот, кој влијае или можел да влијае врз безбедноста на работата на воздухопловот;

36. "Итно известување (Notice to Airman - NOTAM)" е известување дистрибуирано по пат на однапред дефинирана телекомуникациона мрежа и содржи информации кои се однесуваат на воспоставување, состојба или измена на воздухопловно техничко средство, објект, услуга, процедура или опасност, чиешто навремено доставување до учесниците во воздушниот сообраќај е од суштинска важност за нив, а се издава во сите случаи кога информацијата има привремен карактер или не може да биде дистрибуирана доволно брзо со публикување на амандман (АМД) или додаток (СУП) на АИП;

37. "Јавен воздушен превоз" е редовен и нередовен превоз на лица, предмети и стока од едно место на друго во домашниот, односно меѓународниот воздушен сообраќај;

38. "JAA (Joint Aviation Authorities)" - Здружени воздухопловни власти;

39. "Контрола на летањето" е услуга која има за цел раздвојување на воздухоплови и спречување на судир меѓу воздухоплови во лет и на површините за маневрирање и меѓу воздухоплови и препреки на земја, како и да обезбеди редовен и експедитивен проток на воздушниот сообраќај;

40. "Корисник на воздухоплов, аеродром, леталиште, објект, средства или опрема" е правно или физичко лице кое не е сопственик (носител на правото на располагање) , туку го користи врз основа на договор за закуп, концесија, или лизинг, акт на надлежен државен орган, или по друг правен основ;

41. "Леталиште" е определена копнена или водна површина што ги исполнува пропишаните услови за безбедно полетување и слетување на воздухоплови за вршење на специјални услуги кои, по правило, се користат за земјоделство, шумарство и слично;

42. "Линија во редовниот јавен воздушен превоз" е серија летови меѓу две или повеќе дестинации што се вршат според редот на летање;

43. "Македонски воздушен простор" е воздушниот простор над територијата на Република Македонија;

44. "Надлежна контрола на летање" е институција што ги врши работите на контрола на летањето во определен дел на воздушниот простор;

45. "Нередовен јавен воздушен превоз" е комерцијален воздушен превоз кој се врши како дополнување на редовниот воздушен сообраќај, чартер превоз (поединечен или сериски превоз) и авиотакси превоз;

46. "Несреќа на воздухоплов" е настан што ќе настапи од моментот кога едно лице или повеќе лица ќе се качат во воздухоплов со намера да извршат лет, до слегувањето на сите лица од воздухопловот, а има за последица смрт или тешка телесна повреда на едно или повеќе лица во воздухопловот или надвор од него, уништување на воздухопловот, исчезнување на воздухопловот како последица на несреќа, оштетување на основната конструкција на воздухопловот или поголемо оштетување на имотот на трети лица;

47. "Обезбедување (Security)" е збир на мерки и активности кои претставуваат комбинација на човечки и техничко-технолошки средства наменети за заштита на цивилниот воздушен сообраќај од акти на незаконско постапување;

48. "Објавување на начинот вообичаен во воздушниот сообраќај" е објавување во "Зборникот на воздухопловни информации (АИП)" или за итни известувања (НОТАМ) или со воздухопловни информативни циркулари (АИЦ);

49. "Одобрение од контролата на летањето" е одобрување на воздухопловот летот да го изврши под услови определени од надлежната контрола на летање;

50. "Овластување" е одобрение запишано во дозволата или е составен дел на дозволата, со коешто се утврдени посебните услови, права или ограничувања што се однесуваат на дозволата;

51. "Опасна зона" е дел од воздушниот простор во кој се одвива активност опасна за воздушниот сообраќај или во која можат да настанат појави опасни за воздушниот сообраќај во одредено време;

52. "Оперативен лет" е лет на државен воздухоплов со специјални потреби на кој не можат да се применат општите правила, постапки и прописи за летање туку се применуваат правила, постапки и прописи за летање донесени од страна на надлежните државни органи;

53. "Оперативен минимум за аеродром" се ограничувања на употребата на аеродром за полетување, или слетување, обично изразени преку видливост (visibility) или видливост на полетно слетна патека (RVR – runway visual range), висина на одлука (МДА/Х) или минимум висина на снижување (ДА/Х) и услови на облачност;

54. "Оцена на сообразност на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов и падобран" е утврдување дали новиот тип на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов и падобран одговара на пропишаните технички услови за техничките услови за пловидбеност, односно техничките услови за користење;

55. "Оператор на аеродром" е физичко или правно лице кое е сопственик или корисник на аеродром, односно леталиште;

56. "Панорамско летање" е летање по определена рута заради разгледување од воздух;

57. "Патека за возење" е патека на аеродром на земја, определена за движење на воздухоплови на земја и за поврзување на делови на аеродроми;

58. "Персонал во воздухопловството" се лица кои врз основа на степенот на стручна подготовка, стручната оспособеност, дозволата во која е впишано соодветно овластување или уверение за оспособеност, како и овластувањата, вршат и обезбедуваат работи од значење за безбедноста на воздухопловството.

Во персонал во воздухопловството спаѓаат:

а) летачки персонал кој управува со воздухоплов и врши други работи во врска со управување со воздухопловот,

б) воздухопловно-технички персонал кој врши работи во врска со одржувањето и измената на воздухоплови, мотори, елиси и опрема за воздухоплови,

в) персонал на контрола на летањето кој врши работи на контрола на летањето,

г) персонал кој врши работи во врска со утврдувањето на условите на летот и со постапките за подготвување на летот (flight dispatcher),

д) падобрански персонал кој искокнува од воздухоплови во лет со падобран,

ѓ) кабински персонал кој врши работи во патничката кабина на воздухопловот, кои се однесуваат на безбедноста на влезените лица кои не се летачки персонал или лица кои вршат верификација на радионавигациските уреди во воздухот,

е) персоналот за метеоролошко обезбедување на воздушниот сообраќај,

ж) персоналот за одржување на техничките средства, уредите и опремата за давање на услугите во воздушниот сообраќај,

з) персоналот кој врши подготовка и издавање на воздухопловни информации, карти публикации и процедури и работи во врска со регулирање и обезбедување на оптимален проток на воздушниот сообраќај и издавање на одобренија за генерална авијација и прелети и

ѕ) персоналот за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта.

Друг стручен персонал се стручно оспособени лица кои врз основа на уверение за стручна оспособеност вршат други работи од значење за безбедноста на воздухопловството;

59. "План на летот" е збир на податоци што се однесуваат на планираниот лет или на дел од летот на воздухопловот;

60. "Платформа" е дел од аеродромот определен за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта, за снабдување на воздухоплови со гориво и мазиво и за паркирање, престој и одржување на воздухоплови кои не го попречуваат вршењето на сообраќајот на аеродромот;

61. "Пловидбеност на воздухоплов" е на пропишан начин утврдена способност на воздухопловот за безбеден воздушен сообраќај;

62. "Површина за маневрирање" е дел од аеродромот определен за полетување, слетување и за движење на воздухоплови на земја во врска со полетување и слетување, исклучувајќи ги платформите;

63. "Полетно-слетна патека" е определена правоаголна површина на аеродромот наменета за полетување или слетување на воздухоплови;

64. "Потрага по воздухоплов и спасување на воздухоплов" е организиран систем за потрага по воздухоплови и спасување на патниците и екипажот;

65. "Превоз во домашен воздушен сообраќај" е превоз при чие вршење местото на поаѓање и дестинацијата се наоѓаат на територијата на Република Македонија;

66. "Превоз во меѓународен воздушен сообраќај" е превоз при чиешто вршење местото на поаѓање и дестинацијата се наоѓаат на територијата на две држави или на територијата на една држава, ако е предвидено слетување на територијата на друга држава;

67. "Прифатени стандарди и препорачани практики" се стандарди и препорачани практики кои се сметаат за дел од националните воздухопловни прописи на Република Македонија;

68. "Работно време на член на екипаж на воздухоплов" е времето што членот на екипажот ќе го помине на работа од еден час пред планираното време за полетување до 30 минути по слетувањето;

69. "Редовен јавен воздушен превоз" е воздушен превоз кој е наменет за целата јавност и кој се врши согласно со објавен распоред или со таква редовност што истата претставува лесно препознатлива, систематска серија од летови.

70. "Ред на летање" е утврдено време на полетување и слетување на воздухоплови во редовниот јавен воздушен превоз;

71. "Специјализирани услуги со воздухоплов (Aerial Work)" се воздухопловни активности во кои воздухопловот се користи за давање на специјализирани услуги како што се: за потребите на земјоделството, шумарството, здравството, градежништвото, за фотографирање и снимање, набљудување и патролирање, панорамско летање, рекламни цели (фрлање на летоци, влечење на рекламни пароли) и друго, односно услуги кои не спаѓаат во превоз на лица, предмети и пошта;

72. "Сериозен инцидент" е загрозување на безбедноста на еден воздухоплов којшто вклучува околности кои укажуваат дека речиси се случила несреќа;

73. "Стручна подготовка" е вид и степен на образование;

74. "Стручна оспособеност" е ниво на знаење и способност за вршење на посебни стручни работи во воздушниот сообраќај со која не се стекнува степен на стручна подготовка;

75. "Терен" е копнена површина која ги задоволува условите за повремено извршување на активности со воздухоплови од посебна категорија, падобрани, балони и хеликоптери;

76. "Технички лет" е летот на воздухопловот од аеродромот на кој ќе се затече до аеродромот на кој ќе се изврши сервис на воздухопловот;

77. "Уверение за работа" е исправа со која се потврдува дека правното лице ги исполнува условите да врши одредена дејност во воздухопловството;

78. "Упатство за работа (Maintenance Control Manual MCM & Maintenance Management Exposition Manual MMEM)" е прирачник што ги содржи процедурите, инструкциите и раководењето за работата на воздухопловно-техничкиот персонал при извршување на нивните должности и одговорности;

79. "Условно забранета зона" е дел од македонскиот воздушен простор над определена територија во која воздушниот сообраќај не може да се врши во определено време и под определени услови;

80. "Услуги во воздушниот сообраќај (ANS-Air Navigation Services)" се услуги кои се даваат во воздухопловно информативниот регион и опфаќаат:

а) ATM услуги (Air Traffic Management) опфаќаат:
- ATC услуги (ATS-Air Traffic Services):
контрола на летањето,
информирање во лет и
тревожење,
- регулирање на протокот на воздушен сообраќај и
- организација на воздушниот простор,

б) воздухопловно информирање (Aeronautical Information Service- AIS),

в) метеоролошко обезбедување на воздушниот сообраќај и

г) користење на техничките средства и уредите за воздушен сообраќај и

81. "ЦТР" е контролиран воздушен простор кој се протега од површината на земјата до определена висина.

ВТОР ДЕЛ

ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

1. НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

Член 5

За регулирање и спроведување на работите од областа на воздухопловството утврдени со овој закон надлежни се:
- Министерството за транспорт и врски и
- Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Член 6

Министерството за транспорт и врски е надлежно за работите од областа на воздухопловството, и тоа:

а) ја подготвува националната стратегија за развој на воздухопловството;

б) ја реализира политиката на Владата на Република Македонија во областа на воздухопловството;

в) ја спроведува политиката на Владата на Република Македонија при доделување на концесии од областа на воздухопловството;

г) предлага закони од областа на воздухопловството и подготвува и донесува подзаконски акти;

д) врши надзор над работата на Агенцијата за цивилно воздухопловство;

ѓ) спроведува постапка за привремено ставање на концесија под привремена принудна управа (секвестар);

е) за именување на независен слот координатор за алокација на слотови за полетување и слетување и

ж) формира комисија за испитување на несреќи и сериозни инциденти.

Член 7

(1) За вршење на работите од областа на воздухопловството утврдени со овој закон се основа Агенција за цивилно воздухопловство (во натамошниот текст: Агенција).

(2) Агенцијата е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице.

(3) Агенцијата ги има следниве надлежности:

- извршува работи од својот делокруг во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на него, како и врз основа на националната стратегија за развој на воздухопловството и меѓународните договори од областа на воздухопловството, ратификувани од Република Македонија со цел безбедно и редовно одвивање на цивилното воздухопловство,
- врши инспекциски надзор над примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,
- подготвува предлог на закони и донесува подзаконски акти од областа на воздухопловството согласно со ЕУ, ИЦАО, ЕЦАЦ, ЕУРОЦОНТРОЛ и ЈАА/ЕАСА,
- издава Зборник на воздухопловни информации,
- водење на управна постапка за издавање, продолжување, промена, запирање од извршување и повлекување на дозволи, овластувања, уверенија, одобренија и други писмена утврдени со овој закон, како и издавање уверенија за исполнување на пропишаните услови за работа на даватели на аеродромски услуги и услуги во воздушен сообраќај,
- регистрација на воздухоплови, аеродроми, леталишта и евиденција на терени,
- предлага мерки за развој и примена на нови технологии во воздухопловството,
- организирање и координирање на активности поврзани со потрага и спасување на воздухоплови,
- изготвување на литература од областа на воздухопловството и
- врши други работи утврдени со овој закон.

Член 8

(1) Со работата на Агенцијата раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(2) Директорот има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(3) Именувањето на директорот, односно на заменикот на директорот се врши врз основа на неговата стручност и други способности релевантни за вршење на функцијата.

Член 9

(1) Директорот ја претставува Агенцијата.

(2) Директорот е надлежен за:

- донесување на акти во првостепена управна постапка,
- предлагање, подготвување и донесување на подзаконски акти и
- издавање овластувања на правни лица за вршење на дел од надлежностите на Агенцијата.

Член 10

(1) Директорот донесува управни акти во прв степен.

(2) Против актите од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на транспортот и врските и животната средина во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Член 11

(1) Директорот одлучува за правата, должностите и одговорностите на вработените во Агенцијата.

(2) Директорот обезбедува соодветна и правична застапеност на сите заедници кои живеат во Република Македонија.

(3) Директорот донесува акт за организација и акт за систематизација со кои се уредуваат организационите облици, нивните надлежности, начинот на раководење со организационите облици и утврдување на работните места и условите за нивно извршување.

(4) За вработените во Агенцијата се применуваат одредбите од Законот за работните односи и овој закон.

(5) Вработените во Агенцијата се должни за време на вршењето на службата да носат службена облека и службена легитимација.

(6) Прописите за службената облека, формата и содржината на службената легитимација, начинот за издавање и одземање ги донесува директорот на Агенцијата.

Член 12

(1) Агенцијата се финансира од:

- дел од надоместокот остварен врз основа за користење на услугите во воздушниот сообраќај во македонскиот воздушен простор,
- надоместок за издавање на уверенија, дозволи, одобренија, согласности и друго,
- надоместок за преглед на воздухоплов,
- надоместок за проверка на стручната способност на персоналот во воздухопловството и друг стручен персонал,
- дел од надоместокот за обезбедување на пристанишната платформа и зграда со придружни објекти и
- донации, заеми и друга финансиска и техничка помош и други надоместоци утврдени со овој закон и други прописи донесени врз основа на овој закон.

(2) Висината и начинот на утврдување на делот од надоместокот од ставот (1) алинеја 1 на овој член го пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

(3) Висината и начинот на утврдување на делот од надоместокот од ставот (1) алинеја 5 на овој член го пропишува Владата на Република Македонија и не може да изнесува повеќе од 10% од висината на надоместокот за обезбедување на пристанишната платформа и зграда со придружни објекти.

(4) Средствата од ставот (1) на овој член се уплаќаат на сметка на Агенцијата, а се користат за функционирање на Агенцијата, инвестиционо и тековно одржување, за месечни плати и други надоместоци на вработените, за обука и усовршување на вработените и за други неопходни работи.

Член 13

(1) Агенцијата има своја ознака, осмокрако сонце од знамето на Република Македонија со стилизација - изгрев од планина лоцирана во географска карта на Република Македонија, над ознаката се наоѓа двоен напис на кратенката на Агенцијата за цивилно воздухопловство АЦВ-ЦАА, (македонски-англиски).

(2) Формата, содржината и начинот на користење на ознаката од ставот (1) на овој член ја пропишува директорот на Агенцијата.

2. ДЕЈНОСТИ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО

Член 14

Дејности од областа на воздухопловството според овој закон се:

1) воздушен превоз;
2) специјализирани услуги со воздухоплов;
3) воздухопловно-спортските активности;
4) градбата и одржувањето на воздухопловите;
5) изградба, реконструкција и одржување на аеродроми, леталишта и терени;
6) аеродромски услуги;
7) услуги во воздушниот сообраќај;
8) обуката на персонал во воздухопловството и друг стручен персонал и
9) други дејности утврдени со овој закон или други прописи.

ТРЕТ ДЕЛ

ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 15

(1) За воздушен сообраќај може да се користи воздухоплов кој ги исполнува условите пропишани со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Во воздушниот сообраќај воздухопловите се користат во согласност со видот, категоријата и намената, определени во уверението за пловидбеност.

(3) Правилата и постапките на летањето на воздухопловите поблиску ги пропишува директорот на Агенцијата.

(4) Правилата и постапките на оперативното летање на државните воздухоплови ги пропишуваат:

- министерот за внатрешни работи за полициските воздухоплови,
- министерот за одбрана за воените воздухоплови и
- министерот за финансии за царинските воздухоплови.

Член 16

(1) Во случај кога воздухоплов што е запишан во регистарот на воздухоплови на Република Македонија се користи во друга земја, Република Македонија може, со меѓународен договор, да и ги пренесе на таа земја сите или дел од надзорните функции и должности на Агенцијата. Во тој случај Република Македонија како земја на регистарот на воздухопловот се ослободува од одговорноста во однос на пренесените обврски.

(2) Во случај кога воздухоплов што е запишан во регистарот на воздухоплови на друга земја се користи во Република Македонија, земјата на регистарот на воздухопловот може, со меѓународен договор, да и ги пренесе на Република Македонија сите или дел од надзорните функции и должности на воздухопловните власти на таа земја. Во тој случај земјата на регистарот на воздухопловот се ослободува од одговорноста во однос на пренесените обврски.

Член 17

(1) Забрането е летање на воздухоплов без екипаж во контролираната аеродромска зона на воздухопловните пристаништа.

(2) Во македонски воздушен простор може да лета и воздухоплов без екипаж во согласност со условите што ги пропишува Владата на Република Македонија.

Член 18

(1) Воздушниот сообраќај може постојано или привремено да се забрани над определено подрачје што е прогласено за забранета, условно забранета или за опасна зона.

(2) Воздушниот сообраќај над определени подрачја може да се ограничи временски или со определување на висината под која или над која истиот не смее да се врши.

(3) Забранетите, условно забранетите и опасните зони ги определува Владата на Република Македонија и се објавуваат на начинот вообичаен во воздушниот сообраќај.

(4) Ако воздухопловот се приближува кон подрачје на забранета, условно забранета или опасна зона или лета низ неа, надлежната контрола на летање во тој дел на македонскиот воздушен простор е должна да ги преземе пропишаните мерки за враќање на воздухопловот на патеката на летот определена во одобрениот план на летот.

(5) Ако водачот на воздухопловот од ставот (4) на овој член не постапи по инструкцијата на надлежната контрола на летањето, истата по потреба иницира постапка за присилно слетување на воздухопловот.

(6) Министерството за транспорт и врски го пропишува начинот и постапката за враќање и присилно слетување на воздухоплов од ставовите (4) и (5) на овој член.

(7) Забранет е воздушен сообраќај под определена висина над градовите и другите населени места и индустриските објекти.

(8) Висината од ставот (7) на овој член ја пропишува директорот на Агенцијата.

(9) Забрането е акробатско летање над градовите и другите населени места и индустриските објекти.

(10) По исклучок од одредбата на ставот (7) од овој член, воздушниот сообраќај над градовите и другите населени места и индустриските објекти е дозволен под определената висина ако Агенцијата за тоа издаде одобрение.

(11) Одобрението од ставот (10) на овој член не е потребно за хеликоптери за давање на медицинска помош и за државните хеликоптери при вршење на оперативни летови.

Член 19

(1) За време на летот од воздухопловот не смеат да се исфрлаат предмети.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако е тоа во интерес на безбедноста на воздухопловот или на заштитата на животите и здравјето на лицата во воздухопловот, водачот на воздухопловот може да нареди од воздухопловот да се исфрли горивото, товарот или дел од товарот над ненаселени места, според редоследот што тој ќе го определи.

(3) Исфрлањето на хемиски средства и вода од воздухопловот за потребите на земјоделството, шумарството и здравството или за гаснење на шумски и други пожари, исфрлањето на опрема, прехранбени производи, лекови и друго, во случај на елементарни непогоди, односно исфрлањето на летоци и на други рекламни предмети се врши на начинот и под условите што ги пропишува Агенцијата.

Член 20

Ракети и други летачки објекти за научни, спортски и други цели што можат да ја загрозат безбедноста на воздушниот сообраќај во македонскиот воздушен простор можат да се лансираат на начинот и под условите што ги пропишува Агенцијата.

Член 21

(1) Ракети против градоносни облаци можат да се лансираат само врз основа на согласност од надлежната контрола на летање.

(2) Субјектите, условите и начинот на лансирање на ракетите од ставот (1) на овој член ги пропишува Владата на Република Македонија.

Член 22

На воздушниот пат, односно во завршната контролирана област и аеродромската зона и над воздухопловното пристаниште, е забрането скокање со падобран од воздухоплов, освен ако воздухопловот се наоѓа во опасност или одобрение за скокање дала надлежната контрола на летање во согласност со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон.

Член 23

(1) Агенцијата, односно давателот на услуги во воздушниот сообраќај, по барање на Министерството за одбрана е должна, во определен дел на воздушниот простор или на определен аеродром, привремено да го забрани или да го ограничи летањето ако тоа го бараат интересите на одбраната, националната безбедност или безбедноста на летањето на определен воздухоплов или на група воздухоплови.

(2) Забраната на летањето, односно ограничувањето на летањето од ставот (1) на овој член, се објавува на начин вообичаен во воздушниот сообраќај, најмалку 48 часа пред часот на влегувањето во сила на забраната или ограничувањето, односно веднаш ако тоа го бараат исклучителни околности.

Член 24

(1) Летовите на македонските воени воздухоплови со цел за заштита на суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија, летовите на полициските воздухоплови кои се извршуваат со цел за заштита на јавниот ред и мир и царинските воздухоплови во вршење на својата должност, се сметаат за летови од посебно значење за безбедноста на Република Македонија.

(2) Летовите на македонските воени, полициски и царински воздухоплови од ставот (1) на овој член имаат предност пред останатите летови, освен ако се работи за летови каде што пилотот пријавил инцидент.

Член 25

(1) Воздухоплов може да влезе во македонски воздушен простор, односно да излезе од тој простор само на граничен коридор, освен ако поинаку не е пропишано со меѓународен договор кој го ратификувала Република Македонија.

(2) Граничните коридори ги пропишува Владата на Република Македонија.

(3) По исклучок на одредбата од ставот (1) на овој член во случај на опасност или неповолни метеоролошки услови, хуманитарни акции, акции за заштита на луѓето и материјалните добра, поради пожар, град и слично и заради експедитивност на воздушниот сообраќај надлежната контрола на летање може да одобри влегување, односно излегување на воздухоплов и надвор од граничниот коридор, при што за издаденото одобрение веднаш ги известува Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

Член 26

(1) Странски воздухоплов може да лета во македонски воздушен простор само врз основа на одобрение за летање, освен ако поинаку не е пропишано со меѓународен договор кој го ратификувала Република Македонија.

(2) За цивилни странски воздухоплови одобрението за летање од ставот (1) на овој член го издава Агенцијата.

(3) За странски државни воздухоплови, воздухоплови на Обединетите нации, воздухоплови кои се користат за потребите на Обединетите нации, воздухоплови кои се користат исклучиво за превоз на лица кои уживаат посебен статус, одобрението за летање од ставот (1) на овој член го издава Министерството за надворешни работи, по претходно мислење на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

(4) Посебните услови, начинот и постапката за добивање на одобрение за летање, ги пропишува Владата на Република Македонија.

Член 27

(1) По исклучок од членот 26 став (1) на овој закон за оперативните летови на домашните државни воздухоплови не е потребно одобрение за летање.

(2) Странски државен воздухоплов кој не се користи за државни цели, ако има одобрение за летање од членот 26 на овој закон, се смета за цивилен воздухоплов и врз него се применуваат одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Член 28

(1) Странски воздухоплов кој според членот 26 од овој закон има одобрение за летање во македонски воздушен простор, може да полета и слета на аеродром што е отворен за меѓународен воздушен сообраќај.

(2) За полетување и слетување на аеродром, односно леталиште што не е отворено за меѓународен сообраќај во ставот (1) на овој член, како и за летање по воздушни патишта определени за домашен воздушен сообраќај или надвор од воздушните патишта, странскиот воздухоплов мора да има посебно одобрение што го издава Агенцијата по претходно мислење на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

(3) Министерството за внатрешни работи и Министерството за финансии - Царинската управа, задачите од своја надлежност во врска со слетување на аеродром кој не е отворен за меѓународен воздушен сообраќај ќе ги извршат на местото на слетување на странскиот воздухоплов, а трошоците за овие активности паѓаат на товар на лицето корисник на услугите.

Член 29

(1) На странски воздухоплов му е забрането во македонски воздушен простор да носи активно наполнето стрелачко, ракетно или бомбардерско вооружување, како и активна опрема за снимање, освен ако со меѓународен договор што го ратификувала Република Македонија поинаку не е определено.

(2) За вршење на аерофото снимање на странскиот воздухоплов мора да има посебно одобрение што го издава Агенцијата по претходно мислење на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

II. УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

1. ВОЗДУШЕН ПРЕВОЗ

Член 30

Воздушен превоз во домашниот и меѓународниот воздушен сообраќај може да се врши како јавен воздушен превоз и воздушен превоз за сопствени потреби.

1.1. Услови за вршење на јавен воздушен превоз

Член 31

Јавен воздушен превоз може да се врши како редовен или како нередовен превоз во домашниот или во меѓународниот воздушен сообраќај.

Член 32

(1) Јавен воздушен превоз се врши по правило по воздушни патишта.

(2) Воздушните патишта ги пропишува Владата на Република Македонија по предлог на директорот на Агенцијата по претходно мислење на Министерството за одбрана.

(3) Јавен воздушен превоз може да се врши и надвор од воздушните патишта под условите утврдени со овој закон.

Член 33

(1) Заради безбедност и уредност на јавниот воздушен превоз, правното лице што врши јавен воздушен превоз (во натамошниот текст: превозник) мора да ги исполнува условите пропишани од Владата на Република Македонија.

(2) На превозникот кој ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, Агенцијата му издава уверение за работа.

(3) На превозникот кој не ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, Агенцијата нема да му издаде уверение за работа, за што донесува решение.

(4) На превозникот кој ќе престане да ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, Агенцијата ќе му го одземе уверението за работа, за што донесува решение.

(5) Формата, содржината и начинот на издавање и продолжување на уверението од ставот (2) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата.

Член 34

(1) Јавен воздушен превоз во меѓународниот воздушен сообраќај може да врши домашен превозник кој покрај условите од членот 33 на овој закон ги исполнува и условите предвидени со меѓународни договори што ја обврзуваат Република Македонија, како и со други меѓународни акти со кои се регулира безбедното и уредното вршење на превозот во меѓународниот воздушен сообраќај.

(2) Странски превозник може да врши јавен воздушен превоз во меѓународниот воздушен сообраќај со Република Македонија во согласност со условите од билатералниот и мултилатералниот договор за меѓународен редовен или нередовен јавен воздушен превоз што ја обврзува Република Македонија или во согласност со условите од посебната дозвола за вршење на редовен или нередовен јавен превоз во меѓународниот воздушен сообраќај.

(3) Дозволата од ставот (2) на овој член ја издава Агенцијата.

(4) Странски превозник кој не врши јавен воздушен превоз во меѓународниот воздушен сообраќај со Република Македонија може да лета во македонски воздушен простор без дозволата од ставот (2) на овој член во согласност со поднесениот план на летот.

(5) Формата, содржината и начинот на издавање на дозволата ги пропишува директорот на Агенцијата.

Член 35

Превозникот самостојно одлучува за воспоставувањето на линија за превоз во домашниот воздушен сообраќај, а во меѓународниот воздушен сообраќај - во согласност со соодветната билатерална и мултилатерална спогодба што ја склучила Република Македонија.

Член 36

(1) Редовниот јавен воздушен превоз се врши според редот на летање.

(2) Редот на летање се утврдува посебно за летниот, а посебно за зимскиот сообраќаен период.

(3) Редот на летање го предлагаат превозниците по претходно усогласување со операторот на воздухопловното пристаниште, а го одобрува Агенцијата, освен ако поинаку не е пропишано со меѓународен договор кој го ратификувала Република Македонија.

(4) Измени во редот на летање се вршат по постапката предвидена за неговото донесување.

(5) Редот на летање превозникот мора да го објави најдоцна 15 дена пред влегувањето во сила на редот на летање за определениот сообраќаен период, а измените во редот на летање најдоцна десет дена пред денот на влегувањето во сила на измените во редот на летање.

Член 37

(1) Превозникот е должен редовно и уредно да го одржува превозот во воздушниот сообраќај во согласност со редот на летање.

(2) Операторот на воздухопловното пристаниште (службата за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта, службата за обезбедување, службата за одржување на површини за маневрирање, платформи, објекти, инсталации, уреди и опрема, медицинската служба и противпожарна служба), правното лице кое го снабдува воздухопловот со гориво, службата на органите за внатрешни работи, службата на царина, надлежната контрола на летање, службата за метеоролошко обезбедување на воздушниот сообраќај, се должни своите работи да ги вршат така што ќе обезбедат редовно и уредно одвивање на воздушниот сообраќај.

(3) Превозниците и операторот на воздухопловното пристаниште се должни да доставуваат месечен извештај за редовноста и уредноста на воздушниот сообраќај до Агенцијата.

Член 38

(1) Во текот на важењето на редот на летање превозникот може да запре со превозот во воздушниот сообраќај, односно да го измени редот на летање на линијата во случај на виша сила или на други вонредни настани кои го оневозможуваат одржувањето на таа линија.

(2) Известувањето за прекинувањето на превозот во воздушниот сообраќај, односно за измената на редот на летање поради виша сила што независно од волјата на превозникот го оневозможува одржувањето на линијата, превозникот задолжително веднаш го објавува во средствата за јавно информирање.

Член 39

(1) Во воздухоплов можат да се качат онолку лица колку што има вградени седишта со појаси за врзување.

(2) Во воздухоплов со кој се врши јавен превоз можат да се качат онолку патници колку што има вградени седишта наменети за превоз на патници.

(3) По исклучок од одредбата на ставот (2) од овој член во воздухоплов можат да се качат и повеќе патници ако се превезуваат деца, со тоа што вкупниот број на патници во воздухопловот не може да биде поголем од бројот на маски за кислород вградени во патничката кабина на воздухопловот.

(4) Масовниот превоз на деца, превоз на деца без придружба, на лица заболени од определени болести, на инвалиди од определени категории и на трудници се врши под услови и на начин што ги пропишува директорот на Агенцијата.

Член 40

(1) Во патничката кабина можат да се превезуваат предмети во согласност со техничките услови пропишани за пловидбеноста на воздухопловот од соодветна категорија.

(2) Посмртни останки не смеат да се превезуваат во патничката кабина на воздухопловот во којашто се наоѓаат лица кои не се придружници на посмртните останки.

(3) Со воздухопловот со кој се превезуваат лица можат да се превезуваат и животни под услови и на начин што ги пропишува директорот на Агенцијата.

Член 41

(1) Забрането е внесување на студено и огнено оружје, муниција или други експлозивни и запаливи средства во патничката кабина на воздухопловот.

(2) Лицето кое поседува студено и огнено оружје или муниција или други експлозивни и запаливи средства врз основа на дозвола од надлежен орган е должно тоа оружје, односно муниција или други експлозивни и запаливи средства, пред качувањето во воздухоплов со кој се врши јавен воздушен превоз, да му ги предаде на претставник на Министерството за внатрешни работи на воздухопловното пристаниште, односно на овластеното лице на превозникот ако аеродромот на поаѓање се наоѓа во странство.

(3) Постапувањето со студено и огнено оружје, муниција или други експлозивни и запаливи средства го пропишува министерот за внатрешни работи по претходно мислење на Агенцијата.

(4) Студеното и огненото оружје или муницијата или други експлозивни и запаливи средства, по слегување на аеродромот на дестинација на лицето од ставот (2) на овој член, му ги враќа претставник на Министерството за внатрешни работи, а доколку аеродромот на дестинација се наоѓа во странство тогаш водачот на воздухопловот или лицето кое тој ќе го определи.

1.2. Услови за вршење на воздушен превоз за сопствени потреби

Член 42

(1) Правно или физичко лице може со воздухоплов да превезува лица и предмети за сопствени потреби ако ги исполнува условите што ги пропишува Агенцијата.

(2) На правното, односно на физичкото лице од ставот (1) на овој член што ќе ги исполни условите за вршење на овој вид на воздушен превоз, Агенцијата му издава уверение за работа.

(3) На правното, односно физичкото лице кое не ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, Агенцијата нема да му издаде уверение за работа, за што донесува решение.

(4) На правното односно физичкото лице кое ќе престане да ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, Агенцијата ќе му го одземе уверението за работа, за што донесува решение.

(5) Формата, содржината и начинот на издавање и продолжување на уверението од ставот (2) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата.

2. СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ УСЛУГИ СО ВОЗДУХОПЛОВ

Член 43

(1) Правно или физичко лице може да врши специјализирана услуга со воздухоплов која не спаѓа во воздушен превоз на лица, предмети и стока, ако ги исполнува условите што ги пропишува Агенцијата.

(2) На правно или физичко лице кое ќе ги исполни условите за вршење на некоја од специјализираните услуги со воздухоплов, Агенцијата му издава уверение за работа.

(3) На правното или физичкото лице кое не ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, Агенцијата нема да му издаде уверение за работа, за што донесува решение.

(4) На правното или физичкото лице кое ќе престане да ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, Агенцијата ќе му го одземе уверението за работа, за што донесува решение.

(5) Формата, содржината и начинот на издавање и продолжување на уверението од ставот (2) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата.

3. ВОЗДУХОПЛОВНО-СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ

Член 44

(1) Правно лице може да организира воздухопловно-спортска дејност ако ги исполнува условите што ги пропишува Агенцијата.

(2) На правното лице од ставот (1) на овој член, кое ги исполнува условите за организирање на воздухопловно-спортска дејност, Агенцијата му издава уверение за работа.

(3) На правното лице кое не ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, Агенцијата нема да му издаде уверение за работа, за што донесува решение.

(4) На правното лице кое ќе престане да ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, Агенцијата ќе му го одземе уверението за работа, за што донесува решение.

(5) Формата, содржината и начинот на издавање и продолжување на уверението од ставот (2) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата.

(6) Начинот и правилата на летање со едрилици, балони, ултралесни летала и моторизирани крила, крила за слободно летање (змејови, параглајдери и други), за скокање со падобрани, за моделарство и за организирање на натпревари, ги пропишува директорот на Агенцијата.

4. ПОТРЕБЕН ПЕРСОНАЛ

Член 45

Потребниот персонал во воздухопловството за вршење на дејностите од членовите 33, 42, 43 и 44 на овој закон ги пропишува Агенцијата.

5. НАДОМЕСТОЦИ

Член 46

(1) За издавање, промена и продолжување на уверенијата за работа од членовите 33, 42, 43 и 44 на овој закон се плаќа надомест на Агенцијата.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

6. ВОЗДУХОПЛОВНИ МАНИФЕСТАЦИИ

Член 47

(1) Трговско друштво, орган на државната управа, здружение на граѓани или друго физичко или правно лице може да бара организирање на воздухопловна манифестација, под услови и на начин што ги пропишува директорот на Агенцијата.

(2) На субјектите од ставот (1) на овој член коишто ќе ги исполнат условите за организирање на воздухопловна манифестација Агенцијата, по претходно извршен надзор, ќе им издаде одобрение.

7. ИСПРАВИ, КНИГИ И ДРУГИ ДОКУМЕНТИ НА ВОЗДУХОПЛОВ

Член 48

(1) Воздухопловот што се користи за воздушен сообраќај за време на лет мора да ги има исправите, книгите и другите документи пропишани со овој закон.

(2) Исправите, книгите и другите документи на воздухопловот служат како доказ за идентитетот, пловидбеноста и другите карактеристики на воздухопловот.

(3) Формата, содржината и начинот на водење на книгите и другите документи од ставот (1) на овој член што не се однесуваат на државните воздухоплови, ги пропишува директорот на Агенцијата.

(4) Формата, содржината и начинот на водење на книгите и другите документи од ставот (1) на овој член што се однесуваат на државните воздухоплови ги пропишуваат, и тоа:

- министерот за внатрешни работи за полициските воздухоплови,
- министерот за одбрана за воените воздухоплови и
- министерот за финансии за царинските воздухоплови.

Член 49

(1) За време на воздушниот сообраќај, во воздухопловот, освен балонот и воздухопловите коишто не се според ИЦАО стандарди, мораат да се наоѓаат следниве исправи, книги и други документи:

1) уверение за регистрација - (Registration Certificate);

2) уверение за пловидбеност - (Airworthiness Certificate);

3) дозвола за работа на радиостаницата - (Aircraft Radio License);

4) дозвола на член на екипажот - (Crew License) и

5) оперативен дневник на воздухопловот - (Aircraft Journey Log).

(2) Во воздухопловот што се користи за воздушен превоз, покрај исправите, книгите и другите документи од ставот (1) на овој член, мораат да се наоѓаат и исправите, книгите и другите документи што ги пропишува директорот на Агенцијата.

(3) Исправите, книгите и другите документи што се наоѓаат во воздухопловот мораат да бидат уредни, ажурирани и мораат да се покажат по барање на овластените лица.

Член 50

(1) Исправите од членот 49 на овој закон мораат да бидат составени на македонски јазик и на англиски јазик.

(2) Книгите и другите документи на воздухопловите што учествуваат во меѓународен воздушен сообраќај мораат да бидат составени на англиски јазик.

Член 51

Ако воздухопловот биде избришан од регистарот на воздухоплови на Република Македонија, исправите на воздухопловот се доставуваат во Агенцијата.

Член 52

(1) Исправите, книгите и другите документи на странските воздухоплови издадени според прописите на земјата на регистрација на воздухопловот важат во Република Македонија, ако тоа е определено со меѓународна спогодба или под услов на реципроцитет.

(2) По исклучок од одредбата од ставот (1) на овој член исправите, книгите и другите документи на странските воздухоплови важат во Република Македонија и без реципроцитет, ако за тоа на странскиот воздухоплов му е признато во одобрението за летање во македонскиот воздушен простор.

III. УСЛУГИ ВО ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 53

(1) Услугите во воздушниот сообраќај се даваат во воздухопловно информативниот регион во рамките на посебните блокови на воздушниот простор со цел за безбедно, редовно и ефикасно одвивање на воздушниот сообраќај.

(2) Услугите во воздушниот сообраќај се даваат врз ексклузивна основа од страна на дезигнираниот давател на услуги определен со овој закон.

Член 54

(1) Условите и начинот на давање на услугите во воздушниот сообраќај ги пропишува Владата на Република Македонија.

(2) Агенцијата му издава уверение за исполнување на пропишаните услови за работа, на давателот на услуги во воздушниот сообраќај.

(3) Ако Агенцијата утврди дека давателот на услуги во воздушниот сообраќај од ставот (2) на овој член повеќе не ги исполнува условите за работа треба да преземе соодветни мерки за да обезбеди континуитет на давањето на услугите во воздушниот сообраќај кои го вклучуваат и одземањето на уверението.

(4) Формата, содржината, рокот на важење, начинот на издавање и продолжување на уверението од ставот (2) на овој член ги пропишува Агенцијата.

(5) За издавање, промена и продолжување на уверението од ставот (2) на овој член се плаќа надоместок чија висина ја пропишува Владата на Република Македонија.

(6) Владата на Република Македонија ги пропишува начинот, постапките и условите при давање на услугите во воздушниот сообраќај за оперативните летови на државните воздухоплови според потребите на надлежните министерства, и тоа:

- Министерството за внатрешни работи за полициските воздухоплови,
- Министерството за одбрана за воените воздухоплови и
- Министерството за финансии за царинските воздухоплови.

Член 55

При давање на услуги во воздушниот сообраќај се употребуваат мерните единици, кратенките и мерилата што се утврдени со закон, важечките стандарди или меѓународните договори што ја обврзуваат Република Македонија.

Член 56

(1) За користење на услугите во воздушниот сообраќај во македонскиот воздушен простор, операторот на воздухопловот плаќа надоместок.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член и начинот на наплата ја пропишува Владата на Република Македонија, во согласност со меѓународните договори ратификувани од Република Македонија.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, надоместок не се плаќа за летовите:

- на домашните државни воздухоплови и воздухопловите на Владата на Република Македонија,
- за хуманитарни цели,
- за воздухопловно-спортска дејност,
- за обука на домашен воздухопловен персонал,
- за потрага и спасување и
- за калибража и тестирање на технички средства и уреди за воздушен сообраќај.

Член 57

АТМ услугите можат да се даваат и надвор од границите на воздухопловно информативниот регион или пак правото за нивно обезбедување во некој дел од воздухопловно информативниот регион да се делегира на друг меѓународен субјект врз основа на меѓународни договори кои ја обврзуваат Република Македонија.

Член 58

(1) АТМ услугите се даваат во согласност со утврдената поделба и класификација на воздушниот простор.

(2) Поделбата и класификацијата на воздушниот простор ги пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

Член 59

(1) Препреки, емисиони уреди, објекти, далноводи или други уреди што емитираат електромагнетни бранови не смее да се поставуваат на оддалеченост од која со својата работа можат да ја попречат работата на техничките средства и уредите за давање на услугите во воздушниот сообраќај.

(2) Правните лица што даваат телекомуникациски и поштенско-телеграфски услуги се должни да обезбедат приоритет во врските неопходни за давање на услугите во воздушниот сообраќај.

2. ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИ ВО ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ

Член 60

(1) За вршење на услуги во воздушниот сообраќај Владата на Република Македонија основа акционерско друштво со еден акционер, државата - давател на услуги во воздушниот сообраќај, согласно со Законот за трговските друштва.

(2) Начинот на основање, дејностите и начинот на управување се регулирани со актот за основање и статутот на друштвото.

(3) Односите меѓу единствениот акционер и друштвото од ставот (1) на овој член се уредуваат со договор склучен во писмена форма.

(4) Акционерското друштво од ставот (1) на овој член е дезигниран давател на услуги во воздушниот сообраќај во рамките на македонскиот воздушен простор, доколку има уверение од членот 54 на овој закон и го одржува во постојана важност.

ЧЕТВРТИ ДЕЛ

АЕРОДРОМИ, ЛЕТАЛИШТА И ТЕРЕНИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 61

(1) Аеродром и леталиште можат да се користат за воздушен сообраќај само ако ги исполнуваат условите за безбедност на воздушниот сообраќај пропишани со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон, ако ги исполнува условите пропишани со прописите за планирање, проектирање, изградба и реконструкција на градби, ако е запишан во регистар на аеродроми, односно леталишта и доколку има одобрение за користење од надлежен орган.

(2) Терен може да се користи за полетување и слетување на воздухоплови ако ги исполнува условите за безбедност на воздушниот сообраќај што ги пропишува Агенцијата.

Член 62

(1) Аеродромите можат да бидат цивилни, воени и мешовити (цивилно-воени).

(2) Аеродромите според намената се делат на:

1) аеродроми првенствено наменети за јавен воздушен превоз - воздухопловни пристаништа;

2) аеродроми првенствено наменети за воздухопловно-спортски активности - спортски аеродроми и

3) аеродроми за сопствени потреби.

(3) Според видот на воздухопловите и местото на слетување, аеродромите можат да бидат аеродроми за воздухоплови на копно, на вода - хидродроми и аеродроми за хеликоптери - хелидроми (на копно, вода и подигнат објект).

Член 63

(1) Воениот аеродром може да се користи како воздухопловно пристаниште под услов и на начин утврдени со договор меѓу Министерството за одбрана и корисникот.

(2) Со договорот од ставот (1) на овој член се определуваат деловите од аеродромот што можат да се користат за потребите на воздушниот превоз, начинот на користење, условите за одржување и меѓусебните права и обврски на договорните страни.

Член 64

За секој аеродром Агенцијата утврдува постапки, процедури и минимум услови за безбедно полетување и слетување на воздухопловите кои се објавуваат во Зборникот на воздухопловни информации.

Член 65

Операторот на воздухоплов е должен да го утврди оперативниот минимум за секој аеродром што го користи за полетување и слетување на воздухоплови, кои не можат да бидат помали од минималните услови пропишани од директорот на Агенцијата.

Член 66

(1) Аеродромите се делат на класи според физичките, градежните и сообраќајните карактеристики на главната полетно-слетна патека и патеките за возење и на категории според степенот на опременост со уреди и средства за приоѓање, слетување, маневрирање и полетување на воздухопловите.

(2) Класификацијата и категоризацијата на аеродромите од ставот (1) на овој член ги пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

II. ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА НА АЕРОДРОМ, ОДНОСНО ЛЕТАЛИШТЕ

Член 67

(1) Аеродромот, односно леталиштето мора да биде изграден така што ќе ги исполнува условите за безбедно полетување, слетување и престој на сите или само на определени видови и типови на воздухоплови.

(2) Посебните услови за планирање, проектирање, изградба и реконструкција на аеродром и леталиште ги пропишува министерот за транспорт и врски.

(3) Посебните услови за планирање, проектирање, изградба и реконструкција на воените аеродроми ги пропишува министерот за одбрана.

Член 68

(1) Пред изградбата или реконструкцијата на аеродромот, леталиштето или друг објект во зоната на аеродромот, односно леталиштето, инвеститорот е должен да прибави согласност за услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај за локацијата.

(2) Согласноста за исполнување на условите за градба од ставот (1) на овој член ја дава Агенцијата.

(3) Во комисиите за технички преглед на објектите на аеродромот, леталиштето или на објектите во зоната на аеродромот и леталиштето учествува и претставник од Агенцијата, при што се утврдува дали се исполнети техничките и другите услови што овозможуваат безбедно полетување, слетување, маневрирање и престој на воздухопловите на аеродромот, односно леталиштето, што е услов за издавање на одобрение за користење.

Член 69

(1) Операторот на аеродромот или леталиштето е должен да ги искористува полетно-слетните и другите патеки, платформата, објектите, инсталациите, уредите и опремата според нивната намена и капацитет во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Операторот на аеродромот или леталиштето е должен на воздухоплов кој има одобрение за летање во македонскиот воздушен простор да му овозможи користење на аеродромските објекти и инфраструктура во согласност со важечките прописи и во границите на расположливите капацитети.

Член 70

(1) Авиопревозниците, патниците и давателите на аеродромските услуги и другите корисници на аеродромската инфраструктура плаќаат надоместок, и тоа:

- за користење на полетно-слетната патека и патеките за возење, односно за полетување, слетување и осветлување,
- за престој на воздухоплови (паркинг) и
- за користење на пристанишна платформа и зграда со придружни објекти.

(2) Надоместокот од ставот (1) на овој член се приход на операторот на аеродромската инфраструктура.

(3) Висината на надоместокот од ставот (2) на овој член за користење на аеродромската инфраструктура ја определува операторот на аеродромот, ја пропишува Владата на Република Македонија, а висината на надоместокот за дадените аеродромски услуги ја пропишуваат давателите на аеродромските услуги.

(4) По исклучок од одредбата од ставот (1) на овој член, надоместок не се плаќа за летовите:

- на домашните државни воздухоплови и воздухопловите на Владата на Република Македонија,
- за хуманитарни цели,
- за воздухопловно-спортска дејност,
- за обука на домашен воздухопловен персонал,
- за потрага и спасување и
- за калибража и тестирање на техничките средства и уредите за воздушен сообраќај.

Член 71

(1) Времето во кое аеродромот е отворен за сообраќај го утврдува операторот.

(2) Времето на отвореност на воздухопловното пристаниште го утврдува операторот, најмалку 30 дена пред денот на отворањето на пристаништето, односно пред промената на времето на отвореност на пристаништето.

Член 72

(1) Аеродромот, леталиштето и теренот кои ги исполнуваат условите за безбедно полетување, слетување и престој на воздухоплови се запишуваат во регистар на аеродроми, регистар на леталишта, односно евиденција на терен.

(2) Регистарот на аеродроми, регистарот на леталишта и евиденцијата на терен од ставот (1) на овој член ги води Агенцијата.

(3) Формата, содржината и начинот на водење на регистарот на аеродроми, односно регистарот на леталишта и евиденцијата на терен ги пропишува директорот на Агенцијата.

(4) Аеродромот, односно леталиштето се брише од регистарот доколку се констатира дека трајно не ги исполнува условите за безбедно користење или ако сопственикот на аеродромот, односно леталиштето тоа го бара.

(5) Терен кој не ги исполнува условите за безбедно користење се брише од евиденцијата на терени.

Член 73

(1) За аеродромот или леталиштето кој ги исполнува условите за безбедно користење, Агенцијата издава уверение за исполнување на условите за безбедно користење, на операторот на аеродромот, односно леталиштето.

(2) На аеродромот или леталиштето кој не ги исполнува условите од ставот (1) на овој член Агенцијата нема да му издаде уверение, за што донесува решение.

(3) На аеродромот или леталиштето кој ќе престане да ги исполнува условите од ставот (1) на овој член Агенцијата ќе му го одземе уверението, за што донесува решение.

(4) Формата, содржината и начинот на издавање и продолжување на уверението од ставот (1) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата.

(5) За издавање, продолжување промена и пренос на уверението од ставот (1) на овој член се плаќа надомест во висина што ја пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

Член 74

(1) Операторот на аеродромот ја известува Агенцијата и давателот на услуги од членот 60 на овој закон за секоја планирана промена на намената, класата или категоријата на аеродромот најмалку 60 дена пред денот на настанувањето на промената.

(2) За секоја планирана работа од поголем обем којашто предизвикува затворање на делови од аеродромот или ограничување на користењето на површините за маневрирање, известувањето се доставува најмалку седум дена пред почетокот на работите.

(3) За ненадејни и непредвидени промени, работи и интервенции операторот на аеродромот веднаш ја известува Агенцијата и давателот на услуги од членот 60 на овој закон.

Член 75

(1) Површините за маневрирање, платформите и другите површини на аеродромот, односно леталиштето определени за движење на воздухопловите по земјата, мораат да бидат обележани.

(2) Начинот на обележувањето на површините од ставот (1) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата.

Член 76

(1) Изградбата, поставувањето и обележувањето на објекти, инсталации и уреди во зоната на аеродромот и леталиштето, вклучувајќи ги и објектите и уредите за контрола на летањето, како и на објектите надвор од зоната на аеродромот и леталиштето, коишто можат да влијаат врз безбедноста на воздушниот сообраќај (антенски столбови, оцаци, кули и слично), се вршат на начин пропишан со овој и друг закон.

(2) Земјиштето во зоната на аеродромот, односно леталиштето и земјиштето во нивна непосредна близина се обработува и користи на начин пропишан со овој и друг закон.

(3) Условите за поставување, градба и обележување на објектите од ставот (1) на овој член и условите и начинот за обработка и користење на земјиштето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски .

Член 77

Обележувањето на објектите од членот 76 став (1) на овој закон го врши операторот на објектот доколку е изграден по изградбата на аеродромот, односно леталиштето, а операторот на аеродромот, односно леталиштето доколку објектот е изграден пред изградбата или реконструкцијата на аеродромот, односно леталиштето.

Член 78

(1) Ако објектот од членот 76 став (1) на овој закон е изграден спротивно на овој закон или прописите донесени врз основа на овој закон, сопственикот е должен да го отстрани на свој трошок доколку објектот е изграден после изградбата на аеродромот или леталиштето, а доколку е изграден пред изградбата и реконструкцијата на аеродромот или леталиштето отстранувањето ќе го изврши сопственикот или инвеститорот на аеродромот, односно леталиштето на свој трошок и со правичен надоместок.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член се применува и на природни препреки во приодно-одлетните правци на аеродромот, односно леталиштето (дрвја, жбунови и слично).

Член 79

(1) Површините за маневрирање, платформите, објектите, инсталациите, уредите и опремата на аеродромот се одржуваат и контролираат на начин што го пропишува Агенцијата.

(2) На воен аеродром и воен дел на мешовит аеродром, површините за маневрирање, платформите, објектите, инсталациите, уредите и опремата се одржуваат и контролираат на начин што го пропишува министерот за одбрана.

Член 80

Операторот на леталиштето го одржува леталиштето на начин и под услови што ги пропишува директорот на Агенцијата.

III. АЕРОДРОМСКИ УСЛУГИ

Член 81

(1) Аеродромски услуги даваат трговски друштва.

(2) Авиопревозниците, патниците и другите корисници на аеродромските услуги плаќаат надоместок.

(3) Надоместокот од ставот (2) на овој член е приход на давателите на аеродромските услуги.

(4) Висината на надоместокот од ставот (2) на овој член ја определуваат самите даватели на аеродромски услуги.

Член 82

(1) На аеродром и леталиште е организирано противпожарно обезбедување во согласност со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон, а на воздухопловното пристаниште е организирана служба за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта, давање на медицинска помош, опслужување со гориво и мазиво и обезбедување од дејства на незаконско постапување.

(2) На воздухопловното пристаниште се организира снабдување на клипните и млазните воздухоплови со гориво и мазиво во согласност со важечкиот стандард за квалитет.

(3) На воздухопловното пристаниште треба да има обезбедено гориво и мазиво најмалку за тридневна употреба, во зависност од планираниот обем на сообраќајот на воздухопловното пристаниште.

(4) Ако поради виша сила или друг вонреден настан, правното лице што врши снабдување на воздухопловите со гориво и мазиво, не е во можност воздухопловот да го снабдува со гориво и мазиво е должно веднаш по настанувањето на тие околности да ги извести операторот на аеродромот, Агенцијата и надлежната контрола на летање.

(5) Условите и начинот на вршење на дејностите од ставот (1) на овој член ги пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

Член 83

(1) Во безбедносно ограничената зона на аеродромот, по површините за маневрирање и платформите на аеродромот или леталиштето можат да се движат само лица кои вршат службени работи и кои имаат службена дозвола за движење, како и возила со коишто се служат тие лица во вршењето на своите работи.

(2) Дозвола од ставот (1) на овој член ја издава Министерството за внатрешни работи за воздухопловните пристаништа, операторот за другите аеродроми и леталишта, а за воениот дел на мешовитиот аеродром Министерството за одбрана.

(3) По платформата на воздухопловното пристаниште можат да се движат и други лица заради натоварување, односно истоварување од воздухоплови и вршење на други работи, со тоа што мораат да имаат придружник којшто го определува операторот на воздухопловното пристаниште.

(4) Возилата се движат по платформата според упатствата од надлежната служба на операторот на воздухопловното пристаниште.

(5) Лицата и возилата што се движат по површините за маневрирање на воздухопловните пристаништа мораат да одржуваат непрекината радиоврска со надлежната контрола на летање и да постапуваат според нејзините упатства.

Член 84

(1) Лицата кои се наоѓаат на воздухопловното пристаниште (службени лица и патници) мораат да се придржуваат кон условите за безбедност што ги пропишува Владата на Република Македонија и условите за ред на воздухопловното пристаниште, што ги пропишува Агенцијата.

(2) Владата на Република Македонија ги пропишува мерките за олеснување на прифаќањето, престојот и испраќањето на воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта, како и начинот, организацијата и условите за доделување на слотови.

Член 85

(1) Операторот на аеродромот, домашните превозници, Агенцијата, давателот на услуги од членот 60 на овој закон, Министерството за внатрешни работи, Царинската управа и Министерството за одбрана формираат Комитет за безбедност на воздушниот сообраќај и Комитет за олеснување на воздушниот сообраќај (во натамошниот текст: комитети).

(2) Комитетите се советодавни органи за координација на активностите на субјектите од ставот (1) на овој член и се задолжени за одредени сегменти на безбедноста и олеснувањето на едно воздухопловно пристаниште, односно безбедноста и олеснувањето на воздушниот сообраќај.

(3) Комитетите се конституираат од страна на операторот на воздухопловното пристаниште, а субјектите од ставот (1) на овој член определуваат претставници.

(4) Комитетите за безбедност и олеснување донесуваат Деловник за работа со кој го утврдува начинот на работа.

Член 86

(1) Заради преземање на превентивни мерки, организирано постапување и отстранување на последиците од дејствијата насочени против безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, како и заради преземање на мерки за олеснување на прифаќањето, престојот и испраќањето на воздухоплови, патници, багаж, стока, пошта и друго, Владата на Република Македонија основа Национален комитет за безбедност и Национален комитет за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај (во натамошниот текст: национални комитети).

(2) За членови на националните комитети се именуваат претставници на Министерството за транспорт и врски, Агенцијата, давателот на услуги од членот 60 на овој закон, операторите на воздухопловните пристаништа, домашните превозници, органите на државната управа надлежни за внатрешни работи, одбрана и царински работи.

(3) Со националните комитети раководи директорот на Агенцијата во својство на национален координатор за безбедност и олеснување на превозот во воздушниот сообраќај.

(4) Националните комитети, во согласност со другите претставници на субјектите кои се вклучени во спроведувањето на мерките за заштита на цивилниот воздушен сообраќај, изготвуваат национални програми за безбедност, тренинг, контрола на квалитетот, олеснување и друго, кои ги пропишува Владата на Република Македонија, согласно со прифатените меѓународни стандарди.

(5) Операторите на воздухопловните пристаништа и домашните превозници, изготвуваат Програма за безбедност која мора да биде во согласност со Националната програма за безбедност.

IV. КОНЦЕСИИ

Член 87

(1) Концесија може да се даде за следниве добра и дејности од општ интерес, и тоа:

- изградба и користење на нов аеродром или летелиште,
- реконструкција и користење на постојните аеродроми или леталишта и
- давање на аеродромски услуги.

(2) Концесија од ставот (1) на овој член се дава во согласност со Законот за концесии и овој закон.

Член 88

(1) Концесијата од членот 87 на овој закон може да се даде на домашно или странско правно лице по пат на јавен конкурс, организиран и спроведен согласно со одредбите на Законот за концесии.

(2) Во јавниот конкурс за давање на концесијата се определува:

- описот на објектите, односно услугата која се дава на концесија,
- основните услови за изградба, одржување и реконструкција, односно ниво на услуги кои се предмет на концесијата,
- посебните услови за вршење на дејноста,
- времетраењето на концесијата, како и условите за раскинување на договорот за концесија,
- висината и начинот на плаќање на надоместокот за концесија,
- начинот на извршување на надзор на концесиската дејност и
- други услови кои треба да се исполнат за издавање на концесијата утврдени во Законот за концесии и овој закон.

(3) Почетокот на концесијата, меѓусебните права и обврски, периодот, условите под кои се издава и врши концесијата, како и висината на надоместокот за концесија се утврдува со договор.

(4) Критериумите за определување на висината и начинот на плаќање на надоместокот за концесиите од ставот (2) алинеја 5 на овој член ги пропишува Владата на Република Македонија.

(5) Средствата остварени од надоместокот за доделената концесија се уплатуваат на сметката на Буџетот на Република Македонија.

Член 89

а) Периодот за којшто се дава концесијата не може да биде подолг од 30 години за дејностите од членот 87 на овој закон.

б) Концесиите од членот 87 на овој закон можат да бидат продолжени, но вкупното времетраење на концесискиот период не може да изнесува повеќе од 30 години за еден концесионер.

в) За продолжување на концесијата одлучува концедентот врз основа на оцена за успешноста и квалитетот на концесионерот во вршење на концесиската дејност за време на концесискиот период, согласно со Законот за концесии.

По истекот на периодот за кој се дава концесијата, а по барање на концесионерот, Владата на Република Македонија врз основа на мислење од Министерството за транспорт и врски и Агенцијата, за квалитетот на вршењето на концесиската дејност за време на концесискиот период, може да ја продолжи концесијата за периодот определен во новиот договор, кој не може да биде подолг од 30 години.

Член 90

Концесијата од членот 87 на овој закон не може да се пренесе.

ПЕТТИ ДЕЛ

РЕГИСТРАЦИЈА, ДРЖАВНА ПРИПАДНОСТ И ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ВОЗДУХОПЛОВИ

I. РЕГИСТРАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА НА ВОЗДУХОПЛОВИ

Член 91

(1) Во македонскиот воздушен простор не смее да лета воздухоплов што не е регистриран, односно евидентиран.

(2) Воздухопловот регистриран во Република Македонија (во натамошниот текст: македонски воздухоплов) има македонска државна припадност.

(3) Агенцијата го води регистарот на воздухоплови на Република Македонија (во натамошниот текст: регистарот на воздухоплови).

Член 92

(1) Воздухопловот е регистриран во Република Македонија, ако е впишан во регистарот на воздухоплови.

(2) Во регистарот на воздухоплови се впишуваат сите воздухоплови во согласност со ИЦАО стандарди.

(3) Агенцијата води посебна евиденција за воздухопловите кои не се според ИЦАО стандарди (ултралесни летала, моторизирани крила и крила за слободно летање).

(4) Воздухопловите во градба и аматерски градените воздухоплови се запишуваат во регистарот на воздухоплови, односно во евиденцијата на воздухоплови на начин што го пропишува директорот на Агенцијата.

Член 93

(1) Во регистарот на воздухоплови, освен воздухопловите коишто се во сопственост на државјани на Република Македонија, односно домашни правни лица, можат да се впишуваат и странски воздухоплови земени на користење врз основа на договор за лизинг или закуп.

(2) Кога домашно правно лице или државјанин на Република Македонија зема странски воздухоплов под закуп за вршење на воздушен сообраќај, истиот може да се впише во регистарот на воздухоплови, ако:

- тоа е предвидено со договорот за закуп,
- тоа е дозволено со прописите на земјата во која претходно е регистриран и
- се закупува само воздухоплов без екипаж, односно летачките операции ги врши со сопствен екипаж.

(3) Кога домашно правно лице или државјанин на Република Македонија зема странски воздухоплов со екипаж под закуп за вршење на воздушен сообраќај истиот не се впишува во регистарот на воздухоплови, туку Агенцијата му издава одобрение за закуп.

(4) Македонски воздухоплов кој му е даден под закуп на странско правно или физичко лице заради вршење на воздушен сообраќај во странство може, на барање од закупецот, а со согласност на сопственикот, да се запише во странски регистар на воздухоплови ако тоа е предвидено со прописите на односната земја.

Член 94

(1) Регистарот на воздухоплови се состои од главна книга и збирка на исправи.

(2) Главната книга се состои од уписен, товарен и сопственички лист.

(3) Податоци од главната книга се доставуваат до Централниот регистар на Република Македонија. Агенцијата е должна да го известува Централниот регистар на Република Македонија за секоја промена или бришење на тие податоци во регистарот на воздухоплови.

(4) Формата, содржината и начинот на водење на регистарот, како и податоците што се доставуваат до Централниот регистар на Република Македонија ги пропишува директорот на Агенцијата.

Член 95

Воздухоплов може да се впише во регистарот на воздухоплови ако ги исполнува следниве услови:

1) операторот на воздухопловот да е државјанин на Република Македонија, односно правното лице каде што мнозинскиот вложен капитал е во сопственост на државјани на Република Македонија со седиште во Република Македонија;

2) ако воздухопловот е веќе запишан во странскиот регистар на воздухоплови, да има доказ дека е избришан од странскиот регистар на воздухоплови;

3) да има уверение за пловидбеност на воздухопловот за извоз што го издал надлежниот орган на земјата во која е регистриран воздухопловот;

4) воздухопловот да ги исполнува пропишаните услови во поглед на бучавата и другите емисии согласно со членот 133 од овој закон;

5) сопственикот на воздухопловот да се согласи истиот да се запише во регистарот на воздухоплови и

6) воздухопловот да има техничка документација.

Член 96

(1) Воздухопловот се запишува во регистарот на воздухоплови врз основа на барање на операторот на воздухопловот.

(2) Барањето за упис се поднесува до Агенцијата.

(3) Кон барањето за упис на воздухопловот во регистарот на воздухоплови задолжително се поднесуваат докази за исполнетоста на условите од членот 92 на овој закон.

Член 97

(1) Упис во уписниот лист на регистарот на воздухоплови се врши врз основа на решението за упис што го донесува директорот на Агенцијата.

(2) Упис во сопственичкиот и товарниот лист на регистарот на воздухоплови се врши врз основа на доказ за сопственост и/или залог.

Член 98

(1) Агенцијата е должна во рок од 30 дена од денот на приемот на уредното барање од членот 96 на овој закон да изврши упис во регистарот на воздухоплови и на подносителот на барањето за упис да му издаде уверение за регистрација на воздухопловот.

(2) За издавање на уверение за регистрација на воздухоплови операторот на воздухопловот плаќа надомест во висина што ја пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

(3) Формата, содржината и начинот на издавање и промената на уверението за регистрација на воздухоплови ја пропишува директорот на Агенцијата.

Член 99

(1) Операторот на воздухопловот е должен секоја промена на податоците внесени во регистарот на воздухопловите да ја пријави во рок од 15 дена од денот на настанатата промена и да бара таа промена да се запише во регистарот.

(2) Промените внесени во регистарот на воздухопловите се внесуваат и во уверението за регистрација на воздухопловот, ако тие промени се однесуваат на фактите кои се внесуваат во тоа уверение.

Член 100

Бришење на воздухопловот од регистарот на воздухоплови се врши:

1) на барање на сопственикот, односно корисникот на воздухопловот;

2) ако воздухопловот е уништен или станал трајно неупотреблив за воздушен сообраќај или од други причини е повлечен од употреба;

3) ако воздухопловот е впишан во регистар на државни воздухоплови;

4) ако воздухопловот во последните три години нема важечко уверение за пловидбеност и

5) ако сопственикот, односно корисникот на воздухопловот престане да биде државјанин на Република Македонија.

Член 101

Агенцијата е должна по бришењето веднаш да го повлече издаденото уверение за регистрација на воздухоплов и за бришењето на воздухопловот од регистарот на воздухоплови да ги извести лицата чиишто права се запишани во товарниот лист.

Член 102

(1) Министерството за внатрешни работи го води регистарот за полициските воздухоплови, Министерството за одбрана го води регистарот за воените воздухоплови и Министерството за финансии го води регистарот за царинските воздухоплови.

(2) Условите и процедурата за впишување на државните воздухоплови во регистрите на државните воздухоплови, содржината и начинот на водење на регистрите на државните воздухоплови, како и условите за бришење на државните воздухоплови во регистрите на државните воздухоплови ги пропишуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Министерството за финансии.

II. ДРЖАВНА ПРИПАДНОСТ И ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ВОЗДУХОПЛОВИ

Член 103

(1) Воздухоплов регистриран во Република Македонија врз основа на овој закон, задолжително мора да носи знаци на државна припадност и регистарски ознаки.

(2) Знаци на државна припадност се знамето на Република Македонија и ознаката "Z3" (зулу три).

(3) Регистарските ознаки во зависност од видот, категоријата и намената на воздухопловот ги пропишува директорот на Агенцијата.

(4) Сите други ознаки и натписи на воздухопловот не смеат да ја попречуваат видливоста на знаците на државната припадност и регистарските ознаки.

Член 104

Воздухопловот впишан во македонскиот регистар на воздухоплови може да носи ознаки на сопственикот, односно корисникот на воздухопловот. Државен воздухоплов носи сопствени ознаки.

Член 105

Странски воздухоплов за време на летањето во македонскиот воздушен простор мора да носи ознаки определени со прописот на земјата во која е регистриран или ознаки предвидени со меѓународна спогодба.

ШЕСТИ ДЕЛ

УСЛОВИ ЗА БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВ, МОТОР, ЕЛИСА, ПАДОБРАН И ОПРЕМА НА ВОЗДУХОПЛОВ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 106

(1) Воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов може да се користат само доколку ги исполнуваат условите за безбеден воздушен сообраќај, односно техничките услови за пловидбеност предвидени со овој закон и со прифатените меѓународни стандарди.

(2) Условите за безбеден воздушен сообраќај од ставот (1) на овој член се определуваат во зависност од видот, категоријата и намената на воздухопловот, односно намената на моторот, елисата, падобранот и опремата на воздухопловот.

Член 107

Воздухопловите според видот се делат на воздухоплови потешки од воздухот (авион, жироплан, хеликоптер, едрилица и воздухоплов којшто не е според ИЦАО стандарди) и воздухоплови полесни од воздухот (слободен балон, врзан балон и воздушен брод).

Член 108

(1) Воздухопловите според категоријата се делат на транспортна категорија, нормална полуакробатска, акробатска, комутер и посебна категорија (аматерски граден воздухоплов, експериментален и воздухоплов којшто не е според ИЦАО стандарди).

(2) Воздухопловите во зависност од условите за користење (максимална тежина, максимален коефициент на оптоварување и максимална брзина) за кои се пропишани ограничувања во начинот на користењето, се воздухоплови со ограничување.

Член 109

Воздухопловите според намената се делат на: воздухоплови за превоз на лица и предмети, воздухоплови за превоз на товар, воздухоплови за вршење на специјализирани услуги, воздухоплови за воздухопловноспортски активности, воздухоплови за обука на летачки персонал и воздухоплови за укажување на медицинска помош.

Член 110

(1) Воздухопловот може да се користи само за намената што е назначена во уверението за пловидбеност на начин пропишан во одобрениот летачки прирачник на воздухопловот.

(2) Во воздухопловот, во зависност од категоријата и намената, мораат да бидат вградени уреди и опрема за безбеден воздушен сообраќај што ги пропишува Агенцијата.

Член 111

Државните воздухоплови се распоредуваат во класи и категории што ги пропишуваат:

- министерот за внатрешни работи за полициските воздухоплови,
- министерот за одбрана за воените воздухоплови и
- министерот за финансии за царинските воздухоплови.

II. ГРАДБА НА ВОЗДУХОПЛОВИ

Член 112

(1) Градба на воздухоплови и измена на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов се вршат според прифатените меѓународни технички прописи за градба на воздухоплови и измена на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов за квалитет на материјалите.

(2) Пред почетокот на градба на воздухоплов или измена на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов или измена во текот на градењето на воздухопловите, на Агенцијата и се поднесува на увид техничката документација за таа градба.

Член 113

(1) Градба на воздухоплов и измена на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов, техничка контрола на градбата и изработка на технички-технолошката документација за градба и измени може да врши правно лице коешто покрај општите услови за вршење на стопанска дејност ги исполнува и посебните услови што ги пропишува Министерството за транспорт и врски.

(2) На правното лице од ставот (1) на овој член што ќе поднесе докази дека ги исполнува условите од ставот (1) на овој член Агенцијата му издава уверение за работа.

(3) За издавање на уверението од ставот (2) на овој член се плаќа надоместок во висина што ја пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

(4) Формата, содржината и начинот на издавање и продолжување на уверението од ставот (2) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата.

Член 114

(1) Градба на воздухоплови од посебна категорија може да врши и физичко лице.

(2) Условите за градба, надзорот над градбата и начинот на утврдување на пловидбеност на воздухопловите од посебна категорија ги пропишува Агенцијата.

Член 115

Агенцијата може да стави забелешки на техничката документација и да бара таа да се измени, ако утврди дека не им одговара на техничките прописи за градба на воздухоплови и измени на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов од членот 112 на овој закон, односно ако утврди дека проектираниот воздухоплов не ги исполнува техничките услови за пловидбеност.

Член 116

Производителот на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов е должен кон производот на нарачувачот, односно на купувачот да му испорача документација за употребата, одржувањето, обновувањето и поправката на производот, како и да обезбеди негово навремено и непрекинато известување за техничките измени, односно за промената на употреба, одржување и вршење поправки на тој тип производ.

Член 117

(1) Новиот тип воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов мора да се подложи на постапка за оцена на сообразност или признавање на оцената на сообразност заради утврдување дали им одговара на техничките услови за пловидбеност пропишани во согласност со овој закон, со прописите донесени врз основа на овој закон и со прифатените меѓународни стандарди.

(2) Испитување заради оцена на сообразност на новиот тип воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов врши правно лице кое има соодветен персонал, опрема и објекти.

(3) Условите во поглед на персоналот, опремата и објектите што треба да ги исполнува правното лице од ставот (2) на овој член ќе ги пропише Агенцијата.

Член 118

(1) Агенцијата издава уверение за тип на воздухоплов, врз основа на летачкиот прирачник, прирачникот за одржување на новиот тип на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов, проектна и пресметковна документација и резултати од испитувањето, што ги врши правното лице од членот 117 на овој закон.

(2) Признавањето на испитувањата за сообразност извршени во странство, на тип на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов го врши Агенцијата со издавање на уверение за сообразност.

(3) Сериска градба на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов може да започне по издавањето на уверение за сообразност.

(4) За издавање или валидација на уверение за сообразност се плаќа надоместок во висина што ја пропишува Владата на Република Македонија.

(5) Аматерски граден и експериментален воздухоплов не подлежат на постапка за оцена на сообразност.

(6) Формата, содржината и начинот на издавање и продолжување на уверенијата ги пропишува директорот на Агенцијата.

III. ОДРЖУВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВИ

Член 119

(1) Сопственикот, односно корисникот на воздухоплов е должен во текот на користењето да врши прегледи и проверки на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов и да ги одржува во состојба која обезбедува безбеден воздушен сообраќај во согласност со одредбите од овој закон и со прописите за одржување на воздухоплови донесени врз основа на овој закон.

(2) Прегледите и проверките, поправките, замените и обновите на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов (во натамошниот текст: одржување на воздухоплов), превентивно одржување на воздухоплов и измените на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов, како и техничката контрола и контролата на квалитетот на работите мораат да се вршат во согласност со прописите донесени врз основа на овој закон и со техничките упатства на производителот на определен тип на воздухоплов.

Член 120

(1) Одржувањето и техничката контрола на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов се вршат според техничкиот систем за одржување за секој тип воздухоплов, мотор, елиса, падобран, односно вид на опрема.

(2) Техничкиот систем од ставот (1) на овој член треба да биде во согласност со барањата за одржување, одобрени од надлежните воздухопловни органи на земјата на производителот, со техничките упатства на производителот за одржување на тој тип воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов, начинот на нивното користење и резултатите од проверката на нивната сигурност во текот на користењето.

(3) Техничкиот систем за одржување од ставот (1) на овој член го изготвува носителот на правото на располагање, односно сопственикот на воздухопловот или корисникот, а го одобрува Агенцијата

Член 121

(1) Ако операторот на воздухопловот му го доверува на странско правно лице базното одржување на воздухопловот, моторот, елисата, падобранот и опремата на воздухопловот е должен на Агенцијата да и поднесе доказ дека надлежниот воздухопловен орган, на странската земја го овластила тоа лице за базно одржување на тој тип на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов.

(2) Ако воздухоплов запишан во регистарот на воздухоплови се даде под закуп на странско лице, операторот на воздухопловот е должен со договорот да обезбеди одржување на воздухопловот, моторот, елисата, падобранот и опремата на воздухопловот според одобрениот технички систем за одржување и тоа кај лицето кое е овластено за тие работи согласно со ставот (1) од овој член.

(3) На операторот на воздухопловот од ставот (1) на овој член, по негово барање, а по извршениот надзор на странското правно лице за условите и начинот на одржувањето на воздухопловот, Агенцијата му издава уверение за исполнување на условите за одржување на воздухопловот запишан во регистарот на воздухоплови.

(4) За издавање на уверението од ставот (3) на овој член, се плаќа надоместок во висина што ја пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

(5) Формата, содржината и начинот на издавање и продолжување на уверенијата ги пропишува директорот на Агенцијата.

Член 122

(1) Одржување и техничка контрола на одржувањето на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов може да врши, како и да изработува техничко-технолошка документација за одржувањето, правно лице кое ги исполнува условите пропишани од Агенцијата.

(2) На правното лице од ставот (1) на овој член кое ќе поднесе доказ дека ги исполнува условите од ставот (1) на овој член Агенцијата му издава уверение за работа.

(3) За издавање на уверението од ставот (2) на овој член се плаќа надоместок во висина што ја пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

(4) Едномоторни воздухоплови од нормална, полуакробатска и акробатска категорија и едрилици, изземајќи ја обновата, може да ги одржува и овластено физичко лице ако поседува дозвола за одржување на воздухоплов.

(5) Одржувањето и техничката контрола на државните воздухоплови се врши на начин што го пропишуваат министерот за внатрешни работи за полициските воздухоплови, министерот за одбрана за воените воздухоплови и министерот за финансии за царинските воздухоплови.

(6) Формата, содржината и начинот на издавање и продолжување на уверението од ставот (2) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата.

Член 123

Операторот на воздухопловот е должен во согласност со одобрениот технички систем за одржување, да обезбеди преглед на воздухопловот пред секое стартување на моторите со намера за извршување на лет, заради утврдување дали воздухопловот е способен за безбеден воздушен сообраќај, а лицето овластено за преглед на воздухоплови е должно со својот потпис во оперативниот дневник на воздухопловот да потврди дека прегледот е извршен и дека воздухопловот е способен за безбеден воздушен сообраќај.

IV. ПЛОВИДБЕНОСТ НА ВОЗДУХОПЛОВИ

Член 124

(1) Способноста на воздухоплов за безбеден воздушен сообраќај (во натамошниот текст: пловидбеност на воздухоплов) се утврдува со преглед, а се докажува со уверение за пловидбеност на воздухопловот.

(2) Уверение за пловидбеност на воздухопловот се издава ако воздухопловот одговара на оценатa за сообразност, ако е снабден со пропишаните уреди и опрема за безбеден воздушен сообраќај и ако со преглед се утврди дека е способен за безбеден воздушен сообраќај, односно пловидбен.

(3) Начинот и постапката за утврдување на пловидбеноста на воздухопловите ги пропишува директорот на Агенцијата.

(4) Прегледот на воздухоплови заради утврдување на нивната пловидбеност го врши Агенцијата.

(5) За издавање на уверение за пловидбеност се плаќа надомест во висина што ја пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

(6) Формата, содржината и начинот на издавање и продолжување на уверението од ставот (2) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата.

Член 125

(1) Преглед на воздухоплов заради утврдување на пловидбеноста се врши со испитување на воздухопловот на земја и во лет и може да биде основен, редовен и вонреден.

(2) Основен, редовен и вонреден преглед на воздухоплов се врши по барање на сопственикот, односно корисникот на воздухопловот.

(3) Вонреден преглед на воздухоплов може да се изврши и по барање на воздухопловен инспектор ако тој оправдано се посомнева дека воздухопловот што лета не е способен за безбеден воздушен сообраќај.

Член 126

(1) Преглед на воздухоплов во лет се врши со испитување на воздухопловот во лет (пробен лет) или со проверка на воздухопловот во лет (функционална проверка).

(2) Испитување на воздухопловот во лет се врши на лет без патници и опфаќа испитување на летачко-техничките карактеристики и на однесувањето на воздухопловот во летот врз основа на програма изготвена од носителот на правото на располагање, односно од сопственикот на воздухопловот или корисникот, одобрена од Агенцијата.

(3) Проверка на воздухоплов во лет се врши на лет и со патници и опфаќа контрола на функционалноста на уредите и системот на воздухопловот на начин којшто не ја загрозува безбедноста на летот.

(4) За испитување на воздухопловите во лет, на членовите на екипажот и воздухопловно техничкиот персонал кој се наоѓа во воздухопловот се плаќа надомест во висина што ја пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

(5) Одредбите од овој член се применуваат и на државните воздухоплови.

Член 127

(1) За извршениот преглед на воздухопловот операторот на воздухопловот плаќа надомест во висина што ја пропишува Владата на Република Македонија.

(2) По исклучок на одредбата од ставот (1) на овој член, ако вонреден преглед на воздухоплов се врши по барање на инспекторот, надомест за извршениот преg-

лед не плаќа операторот на воздухопловот доколку со прегледот се утврди дека воздухопловот е исправен за безбеден воздушен сообраќај.

Член 128

Ако на воздухопловот кој има уверение за пловидбеност се случи дефект, но воздухопловот е способен за безбедно летање со определени ограничувања, Агенцијата може да дозволи таквиот воздухоплов да изврши летање од аеродромот на кој ќе се затекне до аеродромот на кој ќе се изврши поправка.

Член 129

(1) Ако со прегледот се утврди дека воздухопловот не ги исполнува условите за безбеден воздушен сообраќај и не одговара на категоријата или намената утврдена во издаденото уверение за пловидбеност на воздухопловот, уверението ќе се повлече.

(2) По барање на сопственикот, односно корисникот на воздухопловот ќе се издаде ново уверение за пловидбеност на воздухопловот за соодветната категорија, односно намена за која воздухопловот може безбедно да се користи.

Член 130

Уверението за пловидбеност на странски воздухоплов издадено во земјата на регистрација на воздухопловот важи во Република Македонија, ако е издадено во согласност со меѓународната спогодба за воздушен сообраќај што ја обврзува Република Македонија или под услови на реципроцитет.

Член 131

(1) Агенцијата ќе го запре од извршување уверението за тип на воздухоплов, односно уверение за пловидбеност, ако утврди или добие извештај од воздухопловните власти на земјата што извршила оцена на сообразност на определен тип на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов, од нивниот производител или корисник дека настанала грешка поради пропуст во конструкцијата, вградениот материјал, постапката за градба и оцена на сообразноста, како и поради непрописниот начин на користење и одржување на воздухопловот, моторот, елисата, падобранот и опрема на воздухопловот додека таа грешка не се отстрани.

(2) Агенцијата ќе наложи да се провери дали постои грешка на воздухопловот, моторот, елисата, падобранот и опремата на воздухопловот што е регистриран во Република Македонија поради пропуст во конструкцијата, вградениот материјал, постапката за градба и оцена на сообразноста, како и поради непрописниот начин на користење и одржување и на сопственикот, односно корисникот на воздухопловот ќе му наложи таа грешка да ја отстрани во определен рок.

(3) Ако сопственикот, односно корисникот на воздухопловот не постапи согласно со налозите од ставот (2) на овој член, Агенцијата ќе го повлече уверението за пловидбеност на односниот воздухоплов и ќе ја забрани неговата употреба.

(4) Ако на воздухоплов од домашно производство кој има уверение за сообразност во Република Македонија се утврди грешка од ставот (1) на овој член, Агенцијата веднаш ќе ги извести воздухопловните власти на земјата во која воздухопловот е извезен и во која е регистриран.

(5) Ако на македонски воздухоплов произведен во странство, чијашто оцена на сообразност е призната во нашата земја и за која е издадено уверение за пловидбеност, се утврди грешка од ставот (1) на овој член, Агенцијата за тоа веднаш ќе ги извести воздухопловните власти на земјата во која е извршена оцена на сообразноста.

Член 132

(1) За пловидбеноста на воздухопловот е одговорен операторот на воздухопловот.

(2) Уверението за пловидбеност ќе запре од извршување, доколку воздухопловот или неговата опрема не се одржуваат во согласност со прописите донесени врз основа на овој закон, ако на воздухопловот или неговата опрема се извршени измени што не се одобрени од Агенцијата или пак ако не се извршени задолжителни измени и други работи наложени од страна на Агенцијата.

(3) Операторот на воздухопловот мора да ја извести Агенцијата за сите околности, настани, пропусти и откриени неправилности како на воздухопловот, така и во поглед на документацијата што можат негативно да влијаат на пловидбеноста на воздухопловот.

Член 133

(1) Воздухоплов кој лета во македонски воздушен простор мора да има уверение за јачина на бучавата која се создава при полетување, во текот на летот и при слетување, како и уверение за емисија на гасови при согорување која настанува при полетување, во тек на лет и слетување.

(2) На македонски воздухоплов уверенијата од ставот (1) на овој член ги издава Агенцијата, по претходно прибавено мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање. За издавање на уверенијата од ставот (1) на овој член се плаќа надоместок во висина што ја пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

(3) На странски воздухоплов нема да му се одобри лет во македонски воздушен простор ако ги нема уверенијата од ставот (1) на овој член.

(4) Максимално дозволена јачина на бучавата, односно максимално дозволено количество емисија на гасови кои се создаваат при полетување, во текот на лет и при слетување, ги пропишува министерот за животна средина и просторно планирање, во претходно мислење на Агенцијата.

(5) Формата, содржината и начинот на издавање и продолжување на уверенијата од ставот (1) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата.

СЕДМИ ДЕЛ

ПЕРСОНАЛ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО И ДРУГ СТРУЧЕН ПЕРСОНАЛ

УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 134

(1) Персоналот во воздухопловството за вршење на работите во воздухопловството мора да има пропишана стручна подготовка, да биде стручно оспособен, да поседува дозвола и овластување и да ги исполнува и другите услови определени со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Другиот стручен персонал за вршење на други работи од значење за воздухопловството треба да биде стручно оспособен и да поседува уверение за стручната оспособеност.

Член 135

(1) Агенцијата води регистар на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал.

(2) Формата, содржината, како и начинот на водење на регистарот на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал ги пропишува директорот на Агенцијата.

Член 136

(1) Стручната подготовка на персоналот од членот 134 на овој закон се стекнува во средни и високо образовни институции во Република Македонија или во странство.

(2) Стручната оспособеност се стекнува во организации или центри за обука на персонал во воздухопловството и друг стручен персонал кои ги исполнуваат условите за обука што ги пропишува Агенцијата.

(3) Со стручна оспособеност, персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал можат да се стекнат и во странство.

(4) Стручната оспособеност се врши врз основа на програми донесени од организации и центри за обука претходно одобрени од Агенцијата.

(5) На барање на организациите кои ги исполнуваат условите за обука на персонал во воздухопловството и друг стручен персонал, Агенцијата им издава уверение по претходно извршен надзор.

(6) За издавање на уверението од ставот (5) на овој член се плаќа надоместок во висина што ја пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

(7) Формата, содржината и начинот на издавање и продолжување на уверението од ставот (5) на овој член го пропишува директорот на Агенцијата.

Член 137

(1) Стручната оспособеност се проверува преку полагање на испити.

(2) Испитот го спроведува овластен испитувач од листата на воздухопловни стручњаци.

(3) Листата на воздухопловни стручњаци на почетокот на секоја календарска година ја пропишува директорот на Агенцијата, врз основа на критериуми што ги пропишува Министерството за транспорт и врски.

(4) Кандидатите за полагање на испит за стручната оспособеност на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал плаќаат надоместок.

(5) На овластените испитувачи им следува надоместок.

(6) Висината на надоместоците од ставовите (4) и (5) на овој член ги пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

Член 138

(1) Проверката на стручната оспособеност од членот 137 на овој закон може да биде редовна или вонредна.

(2) Редовната проверка на стручната оспособеност се врши при издавање или продолжување на важење на дозволата или овластувањето на персоналот во воздухопловството, како и при издавање на уверението за стручна оспособеност на другиот стручен персонал.

(3) На лицето кое спаѓа во персоналот во воздухопловството нема да му се издаде или продолжи рокот на важење на дозволата или овластувањето, ако:

1) со проверка на неговите физички или психички способности се утврди дека не ги исполнува пропишаните услови за вршење на определени работи;

2) со проверка се утврди дека нема потребна стручност за успешно вршење на определени работи и

3) со проверка се утврди дека е зависен од алкохол, дрога или психотропни средства.

(4) Одредбата од ставот (3) на овој член се применува и при издавање на уверение за стручна оспособеност на другиот стручен персонал.

(5) Вонредната проверка се врши по упатување од воздухопловен инспектор по пријава на физичко или правно лице и доколку основано се посомнева во стручното извршување на работите од страна на лице кое поседува дозвола, овластување или уверение за стручна оспособеност или констатира повреда на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(6) Начинот на спроведување на редовната и вонредна проверка ги пропишува директорот на Агенцијата.

Член 139

(1) На кандидатот кој го положил испитот од членот 137 на овој закон, Агенцијата му издава или ја продолжува дозволата, односно овластувањето или му издава уверение за стручна оспособеност.

(2) Формата, содржината, видот на дозволите, овластувањата и уверенијата за стручна оспособеност, рокот на нивното важење, условите за стекнување и начинот на нивно издавање и продолжување ги пропишува директорот на Агенцијата.

Член 140

(1) Стручната подготовка и стручната оспособеност на воениот персонал во воздухопловството се стекнува во воената академија и во военото воздухопловство на АРМ.

(2) Со стручна подготовка и стручна оспособеност воениот персонал во воздухопловството може да се стекне и во странство.

(3) Програмите за стручна подготовка и стручната оспособеност, условите и начинот за издавање, продолжување и времено одземање на воените дозволи и овластувања, формата и содржината на образецот на воената дозвола и овластување ги пропишува министерот за одбрана.

Член 141

Соодветна воздухопловна стручна подготовка и стручна оспособеност на воениот персонал во воздухопловството стекнати во АРМ и други армии ќе се признаат за добивање на дозвола во цивилното воздухопловство ако им одговараат на условите за издавање дозвола и овластување предвидени со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон.

Член 142

(1) Персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал за време на вршењето на своите работи не смее да биде под влијание на алкохол, опојна дрога или други психотропни средства.

(2) Персоналот од ставот (1) на овој член не смее да ги врши своите работи ако е уморен или болен или е во таква психофизичка состојба што го прави неспособен за правилно вршење на тие работи.

(3) За отстранување на персоналот од ставот (1) на овој член, додека не престанат последиците од ставовите (1) и (2) на овој член, одлучува непосредниот раководител и ја известува Агенцијата во рок од 24 часа од донесувањето на одлуката за отстранување.

Член 143

(1) На персоналот во воздухопловството ќе му се суспендира дозволата доколку:

1) против него во кривична или прекршочна постапка е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија, за време на траењето на таа мерка;

2) физички или психички не е способен за вршење на работи и задачи за чиешто извршување му е издадена дозволата;

3) со проверка се утврди дека не е способен стручно да ги врши работите за кои му е издадена дозволата и

4) со проверка се утврди дека работите за коишто му е издадена дозволата ги врши под дејство на алкохол, дрога или други психотропни средства.

(2) Во случајот од ставот (1) точка 1 на овој член дозволата ја суспендира Агенцијата.

(3) Ако воздухопловниот инспектор во вршењето на инспекцискиот надзор утврди дека постојат причините од ставот (1) точки 2, 3 и 4 на овој член е должен

лицето да го упати на вонредна проверка на здравствената, односно стручната способност и привремено да му ја одземе дозволата и во рок од три дена да му ја достави на органот што ја издал.

(4) Постапката за проверка на здравствената и стручната способност мора да се заврши во рок од 30 дена од денот на привремено одземање на дозволата.

(5) Ако при проверката (редовна или вонредна) на здравствената способност на персоналот во воздухопловството се утврди дека е склон кон употреба на алкохол, дрога или други психотропни средства, дозволата трајно ќе му се одземе.

Член 144

Признавањето на завршената обука и програмите за обука, положени испити, стекната дозвола и овластување во странство се врши врз основа на критериуми, на начин и во постапка што ги пропишува директорот на Агенцијата.

Член 145

(1) Персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал мора работите од своја надлежност да ги врши совесно, квалитетно, уредно и во согласност со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Правното лице кое произведува, користи, одржува, обновува и поправа воздухоплов или врши измени на воздухоплов, мотор, елиса, опрема на воздухоплов и падобран, снабдува воздухоплов со гориво, врши воздушен превоз, врши специјализирани услуги со воздухоплов, организира воздухопловно-спортски активности, дава услуги во воздушниот сообраќај, дава аеродромски услуги, односно користи аеродром или леталиште, е должно со своите општи акти поблиску да ја утврди одговорноста на работниците кои, во смисла на овој закон, се сметаат како персонал во воздухопловството и друг стручен персонал, ако во вршењето не се придржуваат кон одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(3) Со општите акти од ставот (2) на овој член се утврдува особено:

1) случаи во кои работникот од ставот (2) на овој член кој не ги исполнува условите непосредно да учествува во вршењето на работите за безбедност на воздушниот сообраќај ќе биде привремено или трајно распореден на други работи, односно работни задачи и

2) случаи во кои на работникот од ставот (2) на овој член ќе му престане работниот однос со отказ.

2. ЗДРАВСТВЕНА СПОСОБНОСТ НА ПЕРСОНАЛОТ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО И ДРУГИОТ СТРУЧЕН ПЕРСОНАЛ

Член 146

(1) Утврдувањето на здравствената способност (физичка и психичка) на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал се врши врз основа на здравствени прегледи.

(2) Посебните услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал, како и роковите на важење на лекарското уверение ги пропишува Владата на Република Македонија по претходно мислење на министерот за здравство и директорот на Агенцијата.

(3) За извршениот здравствен преглед се издава лекарско уверение.

Член 147

(1) Здравствените прегледи на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал се редовни и вонредни и се вршат во здравствени установи или од овластен лекар - поединец, кои ги исполнуваат посебните услови што ги пропишува Владата на Република Македонија по предлог на министерот за здравство и директорот на Агенцијата.

(2) На субјектите кои ќе ги исполнат условите од ставот (1) на овој член Агенцијата им издава уверение за исполнување на услови за преглед на персонал во воздухопловството.

(3) За издавање, продолжување и промена на уверението од ставот (2) на овој член се плаќа надоместок во висина што ја утврдува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

(4) Формата, содржината и начинот на издавање и продолжување на уверението од ставот (2) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата.

(5) За редовните и вонредните здравствени прегледи се плаќа надоместок во висина што ја пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

3. ЕКИПАЖ НА ВОЗДУХОПЛОВ

Член 148

(1) Во воздухопловот за време на воздушниот сообраќај се наоѓа екипаж во соодветен состав.

(2) Член на екипаж на македонски воздухоплов може да биде домашен или странски државјанин.

(3) Бројот, составот, старосната граница и задачите на членовите на екипаж во воздухоплов ги пропишува директорот на Агенцијата според видот, категоријата и намената на воздухопловот.

Член 149

(1) Работното време на членовите на екипажот на воздухоплов во јавниот воздушен превоз може да трае до 40 часа неделно, со тоа што во текот на 30 последователни дена да не изнесува повеќе од 160 часа.

(2) Времето на летање на членовите на екипажот може да трае до 28 часа неделно со тоа што во текот на 30 последователни дена да изнесува до 85 часа.

(3) Дневниот одмор на член на екипажот трае најмалку 10 часа непрекинато.

(4) Времето на летање, времето на летање во долголинискиот сообраќај, времето на летање ноќе, бројот на полетувањата и слетувањата во текот на работното време и времетраењето на одморот на член на екипажот на воздухоплов поблиску ги пропишува директорот на Агенцијата.

(5) Лицето кое управува со воздухоплов има право на користење на посебно отсуство од работа со надоместок на плата и други права од работен однос во текот на календарската година заради одржување на психофизичката кондиција на начин и во рок што го пропишува директорот на Агенцијата.

Член 150

(1) Членот на екипажот на воздухоплов ги врши работите за кои му е издадена дозволата, односно овластувањето.

(2) Во случај на опасност водачот на воздухопловот може да му нареди на член на екипажот да врши и други работи.

Член 151

(1) Член на екипаж е должен за секој инцидент во врска со воздухопловот, лицата и предметите во воздухопловот веднаш да го извести водачот на воздухопловот.

(2) Во случај на опасност или несреќа на воздухопловот, членовите на екипажот се должни да ги преземат сите потребни мерки заради спасување на лицата и предметите од воздухопловот, како и на самиот воздухоплов.

4. ВОДАЧ НА ВОЗДУХОПЛОВ

Член 152

(1) Сопственикот, односно корисникот на воздухопловот за секој лет, односно дел од летот ќе одреди водач на воздухопловот.

(2) Водач на воздухоплов на македонски воздухоплов кој се користи за јавен воздушен превоз е државјанин на Република Македонија, определен од операторот.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, водач на воздухоплов може да биде и странски државјанин кога:

- врши обука на македонски летачки персонал и
- врши технички лет.

Член 153

(1) Водачот на воздухопловот е одговорен за летот на воздухопловот и не смее да полета или слета под оперативниот минимум за секој аеродром.

(2) Водачот на воздухопловот мора да биде запознат со содржината на товарот што го превезува.

(3) Водачот на воздухопловот е должен пред полетување да провери дали во листата на оптоварување и положба на тежиштето правилно е пресметана тежината и положбата на тежиштето на воздухопловот и дали таа листа ја заверило лицето кое ја подготвило, како и сам да ја завери со свој потпис.

(4) Водачот на воздухопловот е должен пред полетувањето да провери дали екипажот на воздухопловот и воздухопловот се способни за безбеден воздушен сообраќај и дали во воздухопловот ги има сите исправи, книги и други документи.

Член 154

(1) Водачот на воздухопловот е должен лично или преку членовите на екипажот да обезбеди сите патници пред полетувањето да се запознаат со постапката во случај на опасност, начинот на употреба на сигурносната опрема во случај на опасност, како и местото каде што е сместена.

(2) Во случај на опасност сите членови на екипажот и патниците ги извршуваат упатствата и наредбите на водачот на воздухопловот.

Член 155

(1) Ако лице кое се наоѓа во воздухопловот со своите постапки ја загрозува безбедноста на воздушниот сообраќај или безбедноста на лицата и имотот, или ги нарушува редот и дисциплината во воздухопловот, водачот на воздухопловот на најсоодветен начин ќе го оневозможи во натамошното загрозување на безбедноста, а може на првиот аеродром на кој воздухопловот ќе слета да го отстрани од истиот.

(2) Водачот на воздухоплов е должен при преземањето на мерките од ставот (1) на овој член да ги обезбеди сите услови за безбедно летање на воздухопловот.

Член 156

Ако за време на воздушниот сообраќај член на екипаж на воздухоплов или друго лице во воздухопловот подготвува, се обиде да изврши или изврши кривично дело со кое се загрозува безбедноста на воздухопловот или на лицата во него, водачот на воздухопловот е должен да преземе мерки таквото дело да се спречи, а ако делото е извршено, да ги ублажи неговите последици водејќи сметка за безбедноста на патниците, екипажот и воздухопловот.

5. ВОЗДУХОПЛОВНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ

Член 157

Сопственикот, односно корисникот на воздухопловот е должен во согласност со одобрениот технички систем за одржување да обезбеди воздухопловно-технички персонал.

Член 158

Работите на одржувањето на техничките средства, уредите и опремата во состојба која овозможува безбеден и уреден воздушен сообраќај ги врши инженерскиот и техничкиот оперативен персонал компетентен во согласност со членот 137 став (1) од овој закон.

Член 159

Инженерскиот и техничкиот оперативен персонал од членот 158 на овој закон е должен за дефектите или престанување на работата на техничките средства, уредите и опремата веднаш да го извести непосредниот раководител со цел за информирање на учесниците во воздушниот сообраќај.

6. ПЕРСОНАЛ НА КОНТРОЛАТА НА ЛЕТАЊЕ

Член 160

Работите на контролата на летање ги врши контролорот на летањето. Во вршењето на работите на контролорот на летање му помага помошникот на контролорот на летање.

Член 161

Контролорот на летањето и помошникот на контролорот на летањето не смеат без одобрение на непосредниот раководител да го напуштат работното место на кое се распоредени, односно да се оддалечат од службената просторија во која ги вршат работите.

Член 162

Контролорот на летање и помошникот на контролорот на летање се должни за секое загрозување на безбедноста, односно инцидент во врска со работите на контролата на летање веднаш да го известат својот непосреден раководител.

Член 163

(1) Работното време на контролорот на летање и на помошникот на контролорот на летање може да трае до 40 часа неделно, со тоа што во текот на 90 последователни дена да не изнесува повеќе од 462 часа.

(2) Траењето на непрекинатата работа, траењето на смените и должините на дневниот одмор на контролорот на летање и на помошникот на контролорот на летање ги пропишува директорот на Агенцијата.

Член 164

Контролорот на летањето и помошникот на контролорот на летањето имаат право на користење на посебно отсуство од работа со надоместок на плата и други права од работен однос во текот на календарската година заради одржување на психофизичката кондиција на начин и во рок што го пропишува директорот на Агенцијата.

ОСМИ ДЕЛ

ИСПИТУВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНИ НЕСРЕЌИ, СЕРИОЗНИ ИНЦИДЕНТИ, ИНЦИДЕНТИ И ПОСЕБНИ НАСТАНИ ПОВРЗАНИ СО АТМ

I. ИСПИТУВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНИ НЕСРЕЌИ И СЕРИОЗНИ ИНЦИДЕНТИ

Член 165

Секоја несреќа или сериозен инцидент на воздухоплов или падобран мора да биде сестрано испитана и анализирана заради утврдување на фактите и околностите под кои се случила и преземање на соодветни мерки за спречување на нови несреќи и сериозни инциденти.

Член 166

(1) Несреќите и сериозните инциденти на воздухоплови или падобрани ги испитува Комисија за испитува-

ње на несреќи и сериозни инциденти, која предлага мерки за спречување на нови несреќи и сериозни инциденти.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е самостојна во својата работа.

(3) Комисијата за испитување на несреќи и сериозни инциденти има постојан член именуван од Владата на Република Македонија и променлив состав именуван од министерот за транспорт и врски од листата на воздухопловни стручњаци, во зависност од типот на воздухопловот за кој се работи.

(4) Ако поради несреќа на воздухоплов настапи смрт или тешка телесна повреда на некое лице или поголема материјална штета, или ако е во прашање несреќа на странски воздухоплов, во Комисијата за испитување на несреќи и сериозни инциденти се именува и претставник од Министерството за внатрешни работи.

(5) Ако во несреќата или сериозниот инцидент учествувал и воен воздухоплов, во Комисијата за испитување на несреќи и сериозни инциденти се именува и претставник од Министерството за одбрана.

Член 167

(1) Ако странски воздухоплов претрпи несреќа на територијата на Република Македонија, во работата на Комисијата за испитување на несреќи и сериозни инциденти може да присуствуваат претставници од воздухопловните власти или организации на земјата каде што е регистриран воздухопловот, земјата на авиопревозникот, земјата на производство и земјата чии државјани настрадале во несреќата, на нивно барање.

(2) Ако македонски воздухоплов претрпи несреќа на територијата на странска држава, Агенцијата определува овластен претставник кој ќе присуствува во текот на испитувањето на несреќата на тој воздухоплов.

Член 168

(1) Постапката и начинот на пријавување, испитување на несреќи или сериозни инциденти на воздухоплови или падобрани, анализа, процена и квалификација, како и начинот на работа на Комисијата за испитување на несреќи и сериозни инциденти, начинот на обезбедување на местото на несреќата, мерките за спречување на нови несреќи и сериозни инциденти, евиденцијата и известувањето за случените несреќи и сериозни инциденти ги пропишува Владата на Република Македонија.

(2) Постапката и начинот на испитување на несреќи на државни воздухоплови, начинот на работата на Комисијата за испитување, мерките за спречување на несреќи и евиденцијата на случени несреќи ги пропишуваат министерот за внатрешни работи за полициските воздухоплови, министерот за одбрана за воените воздухоплови и министерот за финансии за царинските воздухоплови.

II. ИСПИТУВАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ И ПОСЕБНИ НАСТАНИ ПОВРЗАНИ СО АТМ

Член 169

(1) Секое лице вклучено во или кое е сведок на инцидент или посебен настан поврзан со АТМ согласно со овој закон, мора да го пријави истиот користејќи утврдени процедури.

(2) Секој АТМ инцидент, или посебен настан поврзан со АТМ, мора веднаш да се испита од страна на давателот на АТМ услуги.

(3) Агенцијата покренува и врши испитување на кој било инцидент, а по свое наоѓање и на кој било АТМ инцидент. Соодветниот давател на АТМ услуги мора да ги достави сите податоци и помош за тоа испитување како што се бара од страна на Агенцијата.

(4) Целта на испитувањето од ставовите (2) и (3) на овој член не е да се утврди вина и да се изречат казнени мерки, туку да се утврдат причините за инцидентот или посебниот настан поврзан со АТМ и да се спроведат соодветни поправни мерки заради спречување на нивно повторно настанување.

(5) Агенцијата ја проверува ефективноста на секоја поправна мерка.

Член 170

Постапката и начинот на пријавување, испитување, анализа, процена и класификација на инцидентите и посебните настани поврзани со АТМ, мерките за нивно спречување, водењето на евиденција, архивирањето и известувањето за инциденти и посебни настани поврзани со АТМ, ги пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

III. ПОТРАГА ПО ВОЗДУХОПЛОВ И СПАСУВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВ

Член 171

(1) Агенцијата организира и координира ефикасна потрага и спасување на домашен или странски воздухоплов што претрпел несреќа или има потреба за спасување на територијата на Република Македонија.

(2) Начинот, организацијата и субјектите на потрага и спасување на воздухоплов ги пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

Член 172

(1) Субјектите што учествуваат во потрагата и спасувањето имаат право на надоместок во висина на реалните трошоци што ги имале при потрагата и спасувањето.

(2) Трошоците од ставот (1) на овој член ги намирува сопственикот, односно корисникот на воздухопловот по кој се трагало, односно кој е спасуван и е должен да ги надомести во рок од 60 дена од денот на настанот.

(3) Ако субјектите надоместокот од ставот (1) на овој член не можат да го наплатат во предвидениот рок од сопственикот, односно корисникот на воздухопловот, тој надоместок ќе го наплатат од Буџетите на Агенцијата за цивилното воздухопловство и давателот на услуги од членот 60 на овој закон.

ДЕВЕТТИ ДЕЛ

НАДЗОР

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 173

(1) Надзор над примената на одредбите на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за транспорт и врски.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Агенцијата преку воздухопловни инспектори (во натамошниот текст: инспектори).

(3) Начинот, правилата и посебните услови за вршење на инспекциски надзор ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Член 174

Начинот, правилата и посебните услови за вршење на инспекцискиот надзор на државните воздухоплови, правата, должностите и одговорностите, како и условите коишто треба да ги исполнуваат лицата за вршење на надзор ги пропишуваат министерот за внатрешни работи за полициските воздухоплови, министерот за одбрана за воените воздухоплови и министерот за финансии за царинските воздухоплови.

Член 175

Правните и физичките лица чиишто персонал и средства, односно работа подлежат на инспекциски надзор, се должни на инспекторот да му овозможат вр-

шење на инспекцискиот надзор и без одлагање да му достават точни податоци, информации и материјали што ги бара, а се потребни за извршување на инспекцискиот надзор.

II. ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ

1. ОПИС НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ РАБОТИ

Член 176

Инспекцијата на воздухопловите и на воздушниот сообраќај го опфаќа особено надзорот над примената на прописите за: воздухопловот, посебно во поглед на условите за безбедно користење и правилно одржување на воздухопловот и способноста за безбеден воздушен сообраќај; градењето, одржувањето, поправката, обновата на воздухоплови, мотори, елиси, падобрани и опрема за воздухоплови; исправите, книгите и другите документи што мораат да бидат во воздухопловот; исполнувањето на пропишаните услови за безбедно вршење на воздушен превоз, на специјализирани услуги со воздухоплов, како и користење на воздухопловите за спортски, школски и за други цели.

Член 177

Инспекцијата на аеродромите, леталиштата и теренте го опфаќа особено надзорот над примената на прописите за: безбедно користење на аеродромите, леталиштата и теренте; проектирањето, изградбата и реконструкцијата на аеродромот и објектите во зоната на аеродромите, како и објектите надвор од таа зона кои можат да влијаат врз безбедноста на воздушниот сообраќај; обработката на земјиштето во зоната на аеродромите и земјиштето во нивна непосредна близина; одржувањето на аеродромските објекти, инсталации, уреди и опрема што служат за безбеден воздушен сообраќај; поставувањето, исправноста и одржувањето на знаците за воочување на објектите; состојбата на полетно-слетните и другите патеки и на пристанишната платформа и други површини за движење на воздухопловите на аеродромот; исправноста на светлосните системи што служат за приоѓање, слетување и полетување на воздухопловот и за обезбедување на исправноста на основното и резервното напојување со електрична енергија на овие системи.

Член 178

Инспекцијата на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал го опфаќа особено надзорот над примената на прописите за: работата и начинот на вршење на стручни работи на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал; едукација, стручната обука и тренингот, дозволите, овластувањата и уверенијата за стручна оспособеност на тој персонал, нивната стручна и здравствена способност; траењето на работното време; времето на летање; времето на летање во долголиниски сообраќај; времето на летање ноќе, бројот на полетувања и слетувања во текот на работното време, должината на дневниот одмор на членовите на екипажот на воздухоплов, како и траењето на непрекинатата работа.

Член 179

Инспекцијата на давањето на аеродромски услуги го опфаќа особено надзорот над примена на прописите за: техничките и други услови за безбедно прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници и предмети на воздухопловното пристаниште; оптоварувањето на воздухопловот и редоследот на товарот во него; видот на товарот и безбедноста кога товарот се состои од опасни материи и предмети; постапките на одмрзнување на воздухопловите и полетно-слетната патека, како и начинот и постапките за нивна заштита од замрзнување, квалитетот на горивото и мазивото и исправноста на системите што служат за снабдување на воздухопловот со гориво и мазиво; просториите, техничката опрема и начинот на вршење преглед на воздухопловите, на патничкиот багаж и стоките, обезбедувањето на воздухопловните пристаништа, противпожарното обезбедување и условите за безбедна противпожарна заштита, како и организацијата, условите и начинот на давање на медицинска заштита.

Член 180

Инспекцијата на давањето на услуги во воздушниот сообраќај го опфаќа особено надзорот над примената на прописите за: начинот на давањето на АТМ услуги, воздухопловното информирање, метеоролошкото обезбедување, како и за состојбата, одржувањето и правилната работа на техничките средства, уредите и опремата значајни за безбедно одвивање на воздушниот сообраќај.

2. УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ

Член 181

Работите на инспектор може да ги врши лице кое ги исполнува општите услови согласно со Законот за работните односи, да има најмалку пет години работно искуство на соодветни работни задачи од областа на воздухопловството, како и да ги исполнува посебните услови што ги пропишува Владата на Република Македонија.

III. ПОВРЕДА НА ПРОПИСИТЕ

Член 182

(1) Во случај на повреда на одредбите на овој закон инспекторот прави записник и подготвува решение кое го донесува директорот на Агенцијата.

Со решението од ставот (1) на овој член се:

а) наредува на сторителот на повредата во определен рок да преземе мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци,

б) забранува активности кои се вршат во спротивност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и

в) покренува постапка во согласност со Законот за прекршоци или Законот за кривичната постапка.

(2) Против решението на инспекторот незадоволната странка може да поднесе жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на транспортот и врските и животната средина, во рок од осум дена од приемот на решението.

(3) Жалбата не го одлага извршувањето на решението донесено од инспекторот.

Член 183

При вршењето на инспекциски надзор во воздухоплов, инспекторот е должен за своето присуство да го извести водачот на воздухопловот, а ако врши инспекција во трговско друштво, државен орган или друго правно лице, одговорното лице на тие субјекти.

Член 184

Ако инспекторот во работата на трговското друштво, државниот орган или друго правно лице утврди недостатоци и неправилности во поглед на безбедноста на воздушниот сообраќај, е должен да го извести за тоа одговорното лице.

Член 185

Инспекторот е должен да ги чува како тајна податоците што ќе ги дознае при вршењето на инспекцијата.

Член 186

(1) При вршењето на инспекциските работи, инспекторот мора да има службена легитимација со која се утврдуваат неговото својство и овластување.

(2) Формата, содржината и начинот на издавањето и одземањето на службената легитимација ги пропишува директорот на Агенцијата.

Член 187

Инспекторите имаат право и должност на стручно оспособување, усовршување и обновување на стекнатото знаење во согласност со годишната програма за работа на Агенцијата.

ДЕСЕТТИ ДЕЛ

КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

ПРЕКРШОЦИ

Член 188

(1) Со парична казна од 30.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице, ако:

1) врши јавен воздушен превоз во воздушниот сообраќај, а не ги исполнува условите пропишани од Агенцијата (член 33 став (1));

2) редот на летање не го утврди во согласност со одредбите од овој закон или измените во редот на летање не ги врши според постапка предвидена за негово донесување или редот на летање, односно измените во редот на летање не ги објави во пропишаниот рок (член 36);

3) превозот во воздушниот сообраќај не го одржува редовно и уредно во согласност со редот на летање (член 37 став (1));

4) своите работи ги врши така што не овозможува редовно и уредно одвивање на воздушниот сообраќај (член 37 став (2));

5) не доставува месечен извештај за редовноста и уредноста на воздушниот сообраќај на Агенцијата (член 37 став (3));

6) во текот на важењето на редот на летање запре со превозот во воздушниот сообраќај на линија или го измени редот на летање на линијата во случај на влијание на виша сила или од други вонредни настани без претходно добиено одобрение од Агенцијата, или ако во тие услови веднаш не го објави прекинот на превозот во воздушниот сообраќај или измената во редот на летање (член 38);

7) со воздухоплов врши превоз на лица или предмети за сопствени потреби, а не ги исполнува условите пропишани од Агенцијата (член 42 став (1));

8) со воздухоплов врши специјализирани услуги, а не ги исполнува условите пропишани од Агенцијата (член 43 став (1));

9) користи воздухоплов за воздухопловно-спортски активности, а не ги исполнува условите пропишани од Агенцијата (член 44 став (1));

10) воздухопловот што се користи за воздушен сообраќај ги нема исправите, книгите и другите документи пропишани од директорот на Агенцијата (член 49 став (2));

11) се даваат АТМ услуги спротивно на поделбата и класификацијата на воздушниот простор што ја пропишува Владата на Република Македонија (член 58);

12) се постават препреки, емисиони уреди, објекти, далноводи или други уреди што емитираат електромагнетни бранови на оддалеченост од која со својата работа можат да ја попречат работата на техничките средства и уредите за давање на услугите во воздушниот сообраќај, или ако не обезбедат приоритет во врските неопходни за давање на услугите во воздушниот сообраќај (член 59);

13) планирањето, проектирањето, реконструкцијата и изградбата на аеродромот или леталиштето не ги врши согласно со посебните услови коишто ги пропишува директорот на Агенцијата (член 67 став (2));

14) пред изградбата или реконструкцијата на аеродромот, леталиштето или друг објект во зоната на аеродромот, односно леталиштето инвеститорот не прибави согласност за услови за градба (член 68 став (1));

15) полетно-слетните и другите патеки, платформата, објектите, инсталациите, уредите или опремата не ги користува според нивната намена и капацитет во согласност со одредбите од овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон и ако не му овозможи користење на аеродромските објекти и инфраструктура на воздухоплов кој има дозвола за летање во македонскиот воздушен простор (член 69 ставови (1) и (2));

16) аеродромот не е отворен за воздушен сообраќај во утврденото време и во согласност со условите што ги пропишува директорот на Агенцијата (член 71 став (1));

17) не ја извести Агенцијата и давателот на услуги од членот 60 на овој закон во пропишаниот рок за секоја планирана промена на намената, класата или категоријата на аеродромот, потоа за секоја планирана работа во поголем обем што предизвикува затворање на делови од аеродромот или ограничување на користењето на површините за маневрирање, како и за секоја ненадејна и непредвидена промена, работа или интервенција (член 74 ставови (1), (2) и (3));

18) површините за маневрирање или платформите или другите површини на аеродромот, односно леталиштето определени за движење на воздухопловите по земја не се обележани во согласност со начинот пропишан од директорот на Агенцијата (член 75);

19) изградбата, поставувањето и обележувањето на објекти, инсталации и уреди во зоната на аеродромот или леталиштето, вклучувајќи ги и објектите и уредите за контрола на летањето, како и на објекти надвор од зоната на аеродромот и леталиштето коишто можат да влијаат врз безбедноста на воздушниот сообраќај не ги врши на начин пропишан со овој и друг закон и согласно со условите што ги пропишала Агенцијата или ако земјиштето во зоната на аеродромот, односно во близина на аеродромот не го обработува или не го користи на начин пропишан со овој и друг закон и согласно со условите што ги пропишал министерот за транспорт и врски (член 76);

20) површините за маневрирање, платформите, објектите, инсталациите, уредите и опремата на аеродромот не ги одржува и не ги контролира на начин што го пропишува Агенцијата (член 79 став (1));

21) леталиштето не го одржува на начин и под услови што ги пропишува директорот на Агенцијата (член 80);

22) на аеродромот или леталиштето не е организирано противпожарно обезбедување, а на воздухопловното пристаниште не е организирана служба за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта, давање на медицинска помош, опслужување со гориво и мазиво, како и обезбедување од дејствија на незаконско постапување (член 82 став (1));

23) на воздухопловното пристаниште не го организира снабдувањето на клипни и млазни воздухоплови со гориво и мазиво во согласност со важечкиот стандард за квалитет или ако не обезбеди гориво и мазиво за најмалку тридневна употреба според планираниот обем на сообраќајот на воздухопловното пристаниште, како и ако поради виша сила или друг вонреден настан не ги извести операторот на аеродромот, Агенцијата и надлежната контрола на летање дека не е во можност да го снабди воздухопловот со гориво и мазиво (член 82 ставови (2), (3) и (4));

24) дозволи во безбедносно ограничената зона на аеродромот, по површините за маневрирање и по платформата на аеродромот или леталиштето да се движат лица кои не вршат службени работи и кои немаат службена дозвола за движење или возило со коешто не

се служи лице кое врши службени работи и неговото движење не е во согласност со надлежната служба на операторот на воздухопловното пристаниште или ако друго лице кое се движи по платформата на воздухопловното пристаниште заради натоварување и растоварување од воздухопловот нема придружник или ако лицето и возилото што се движат по површините за маневрирање не одржуваат непрекината радиоврска со надлежната контрола на летањето или ако не постапуваат според нејзините упатства (член 83);

25) операторите на воздухопловните пристаништа и домашните превозници не изготват програма за безбедност во согласност со Националната програма за безбедност (член 86 став (5));

26) странски воздухоплов за време на летањето во македонскиот воздушен простор не ги носи ознаките определени со прописот на земјата во која е регистриран или ознаките предвидени со меѓународна спогодба (член 105);

27) врши градба или измена на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов или техничка контрола на градбата и изработка на техничко-технолошка документација за градбата и измени, а не ги исполнува општите услови за вршење на стопанска дејност и посебните услови што ги пропишала Агенцијата (член 113 став (1));

28) испитување заради оцена на сообразност на новиот тип воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов не ги врши според условите во поглед на персоналот, опремата и објектите што ги пропишува Агенцијата (член 117 став (2));

29) врши одржување и техничка контрола на одржувањето на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов и изработува техничко-технолошка документација за одржувањето, спротивно на условите пропишани од Владата на Република Македонија (член 121 став (1));

30) не ја извести Агенцијата за околности, настани, пропусти и откриени неправилности како на воздухопловот, така и во поглед на документацијата што можат негативно да влијаат на пловидбеноста на воздухопловот (член 132 став (3));

31) врши обука на персонал во воздухопловството и друг стручен персонал спротивно на одобрените програми за обука или ако врши обука, а не ги исполнува пропишаните условите за вршење на обука на персонал во воздухопловството и друг стручен персонал (член 136 ставови (4) и (5));

32) со своите општи акти поблиску не ја утврди одговорноста на работниците кои, во смисла на овој закон, се сметаат како персонал во воздухопловството и друг стручен персонал (член 145 став (2));

33) согласно со одобрениот технички систем за одржување не обезбеди воздухопловно-технички персонал (член 157) и

34) не организира и воспостави систем за пријавување, испитување, анализа, процена и класификација на АТМ инцидентите и посебните настани поврзани со АТМ (член 169).

(2) За прекршокот од ставот (1) на овој член ќе се казни и одговорното лице во правното лице со парична казна од 10.000 до 50.000 денари.

Член 189

(1) Со парична казна од 30.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице, ако:

1) користи воздухоплов кој не ги исполнува условите пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон (член 15 став (1));

2) во воздушниот сообраќај се користи воздухоплов спротивно на видот, категоријата и намената утврдени во уверението за пловидбеност (член 15 став (2));

3) не се придржува кон пропишаните правила и постапки за летање на воздухопловите (член 15 став(3));

4) воздухоплов без екипаж лета во контролирана аеродромска зона на воздухопловно пристаниште и спротивно на условите што ги пропишала Владата на Република Македонија (член 17);

5) воздушен сообраќај се врши над подрачје што е прогласено за забранета, условно забранета зона или опасна зона или ако врши воздушен сообраќај над определени подрачја во забрането време или под или над определената висина (член 18 ставови (1) и (2));

6) спрема воздухопловот којшто се приближува или лета преку забранета, условно забранета зона или опасна зона или лета низ неа, не ги преземе пропишаните мерки за враќање на воздухопловот на патеката на летот определена со одобрениот план за летање или ако не иницира постапка за присилно слетување на воздухопловот (член 18 ставови (4) и (5));

7) без одобрение од Агенцијата врши воздушен сообраќај под пропишаната минимална безбедна висина за летање над градови, населени места и индустриски објекти или ако врши акробатско летање над градови, населени места и индустриски објекти (член 18 ставови (7) и (9));

8) исфрлањето на хемиски средства, вода, прехранбени производи, лекови, опрема, летоци и други рекламни предмети го врши спротивно на условите и начинот пропишан од Агенцијата (член 19 став (3));

9) употребува ракети и други летачки објекти што можат да ја загрозат безбедноста на воздушниот сообраќај спротивно на условите и начинот пропишан од Агенцијата (член 20);

10) употребува ракети против градоносни облаци без согласност од надлежната контрола на летање и спротивно на условите и начинот што ги пропишува Владата на Република Македонија (член 21);

11) без одобрение од надлежната контрола на летање воздухоплов влегува во македонскиот воздушен простор или излегува од тој простор надвор од граничниот коридор (член 25 став (1));

12) во воздухопловот се качат повеќе лица отколку што има вградени седишта со појаси за врзување или ако во воздухоплов со кој се врши јавен воздушен превоз качи повеќе патници отколку што има вградени седишта наменети за превоз на патници (член 39 ставови (1) и (2));

13) врши масовен превоз на деца, превоз на деца без придружба, на лица заболени од определени болести, на инвалиди од определени категории и на трудници спротивно на пропишаните услови и начин (член 39 став (4));

14) во патничката кабина превезува предмети спротивно на техничките услови пропишани за пловидбеност на воздухопловите од соодветна категорија или превезува посмртни останки во патничката кабина на воздухоплов во која се наоѓаат лица кои не се придружници на посмртните останки (член 40 ставови (1) и (2));

15) со воздухоплов превезува животни спротивно на условите и начинот пропишан од директорот на Агенцијата (член 40 став (3));

16) не се придржува кон начинот и правилата на летање со едрилици, балони, ултра лесни летала и моторизирани крила, крила за слободно летање, за скокање со падобрани, за моделарство и за организирање на натпревари пропишани од Агенцијата (член 44 став (4));

17) не се придржува кон условите и начинот за организирање на воздухопловни манифестации пропишани од директорот на Агенцијата (член 47 став (1));

18) за време на воздушниот сообраќај во воздухопловот не се наоѓаат исправите и книгите пропишани со овој закон или ако книгите и исправите не се уредни, ажурирани и не се покажат по барање на овластено лице (член 49 ставови (1) и (3));

19) на Агенцијата не и ги достави исправите на воздухопловот избришан од регистарот на воздухоплови на Република Македонија (член 51);

20) не се придржува на пропишаните услови и начин за давање на услугите во воздушен сообраќај што ги пропишува Владата на Република Македонија (член 54 став (1));

21) при давање на услуги во воздушниот сообраќај не се употребуваат мерните единици, кратенките и мерилата што се утврдени со закон, важечките стандарди или меѓународните договори што ја обврзуваат Република Македонија (член 55);

22) користи аеродром и леталиште што не ги исполнува условите за безбедност на воздушниот сообраќај пропишани со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон (член 61 став (1));

23) користи терен спротивно на условите што ги пропишува Агенцијата (член 61 став (2));

24) не се придржува на пропишаните услови и начин за вршење на аеродромските услуги (член 82);

25) користи воздухоплов кој не е регистриран, односно евидентиран (член 91 став (1));

26) секоја промена на податоците внесени во регистарот на воздухоплови не ја пријави во рок од 15 дена од денот на настанатата промена и не бара таа промена да се запише во регистарот (член 99 став (1));

27) на воздухопловот што е запишан во регистарот на воздухоплови не ги носи пропишаните знаци на државна припадност и регистарските ознаки и ако сите други ознаки и натписи на воздухопловот ја попречуваат видливоста на знаци на државна припадност и регистарските ознаки (член 103 ставови (1) и (4));

28) користи воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов коишто не ги исполнуваат условите за безбеден воздушен сообраќај, односно техничките услови за пловидбеност определени со овој закон и со прифатените меѓународни стандарди (член 106 став (1));

29) воздухопловот го користи спротивно од намената што е назначена во уверението за пловидбеност и спротивно на начинот пропишан во одобрениот летачки прирачник на воздухопловот (член 110 став (1));

30) во воздухопловот не се вградени пропишаните уреди или опрема за безбеден воздушен сообраќај (член 110 став (2));

31) одржувањето и техничката контрола на воздухопловот, моторот, елисата, падобранот и опремата на воздухопловот не ги врши според техничкиот систем за одржување за секој тип воздухоплов, мотор, елиса, падобран, односно вид на опрема одобрен од Агенцијата (член 120 ставови (1) и (3));

32) во согласност со одобрениот технички систем за одржување не обезбеди преглед на воздухопловот пред секое стартување на моторите со намера за извршување на лет заради утврдување дали воздухопловот е оспособен за безбеден воздушен сообраќај и ако нема потпис од овластено лице за извршен преглед во оперативниот дневник на воздухопловот (член 123);

33) користи воздухоплов што нема уверение за пловидбеност (член 124);

34) воздухоплов во македонскиот воздушен простор лета без уверение за јачина на бучава и емисија на гасови (член 133);

35) при вршење на определена работа поврзана со воздушниот сообраќај персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал нема соодветна стручна подготовка, стручна оспособеност, дозвола или овластување или не ги исполнува другите услови определени со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон (член 134 став (1));

36) утврди здравствена способност за вршење на работи на персонал во воздухопловството и друг стручен персонал спротивно на посебните услови, начин и постапка пропишани од Владата на Република Македонија (член 146 став (2));

37) врши здравствени прегледи на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал без уверение за исполнување на условите за преглед на персонал на воздухоплов (член 147);

38) во воздухопловот за време на воздушниот сообраќај не се наоѓа екипаж во пропишан број и состав и пропишана старосна граница и ако не се придржува кон пропишаните задачи на екипажот (член 148 став (3));

39) постапува спротивно на пропишаното време на летање, број на полетувањата и слетувањата, работното време и времето за одмор на членовите на екипаж на воздухопловите (член 149 став (4));

40) за секој лет, односно дел од летот не определи водач на воздухопловот (член 152 став (1)) и

